ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
Бр. 03 - 1226 / 1
23.12.2024
С К О П Ј Е

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Бр. 119

Скопје, 23. 12. 2024 година

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 6**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.02.01) и историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 18**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.02.01) и историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 22**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на проектирање ба ентериер и мебел (2.01.02.03) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 25**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) и друго (2.01.02.08) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 29**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на архитектонско инженерство (2.01.02.04) и историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 33**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.02.01) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 38**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.02.01) и теорија на архитектурата (2.01.02.02) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 43**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на финансии (5.02.00.07), сметководство (5.02.00.06) и друго (5.02.00.09) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 47**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на менаџмент и бизнис (5.02.00.03) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 50**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.02.01) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ (2.01.02.01) И ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ (2.01.02.05) НА МЕЃУНАРОДНАТА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 21-1182/4 од 6 декември 2024 година донесена на седница на Наставнички совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн, одржан на 6. 12. 2024 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.02.01) и историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 23. 11. 2024 година, и во предвидениот рок се пријави:

- *д-р Павел Вељаноски*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Биографски податоци*

Д-р. Павел Вељаноски (1991), основно и средно образование завршил во Скопје. Магистрирал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2017 година со наслов на магистерски труд „Пејзажна инфраструктура: Екологијата како генеративна алатка".

Докторира во 2024 година на Институтот за Географија при Природно-математички факутет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со тема „Анализа на процесите и идните правци на урбанизација во Скопскиот Регион" под менторство на проф. д-р. Благоја Маркоски. Поставената проблематика за докторската дисертација е во функција на ГИС анализа на феноменот на просторното ширење на градовите воопшто и посебно на Скопскиот регион, како предмет на истражување на состојбата и идните правци на урбанизацијата на градот Скопје и поширокиот регион.Од

2012 до 2016 година е ангажиран како студентски координатор и организатор на студиски патувања за регионалната студиската програма за студенти по архитектура "SCAPES:LAB" каде е дел од организациски одбор за повеќе студиски патувања (Шпанија 2012, Франција 2013, Холандија 2014, Германија 2015 и Русија 2016).

Во 2017 година добитник е на архитектонската награда „Тигрите" под покровителство на Амбасадата на Република Полска во Скопје, која се доделува за најдобар магистерски труд.

Во 2017 година е стипендист на едногодишни специјалистички студии на интернационалната професионална програма наменета за едуцирање и усовршување на менаџерски и лидерски вештини потребни за градење на одржливи системи и конкурентни

бизниси во склад со животната средина и природните ресурси „Possible“ спроведена од Економскиот факултет при УКИМ во Скопје и Приватна научна установа Институт за истражувања во животна средина, градежништво и енергетика Скопје (ИЕГЕ), како дел од истоимениот проект поддржан од програмата Еразмус +.

Во 2018 година е стипендист на истражувачката програма “Thesaurus Poloniae” во Краков, Полска, финансирана од владата на Република Полска каде работи на истражувачки труд на тема „Улогата на полските урбанисти при обновата на постземјотресно Скопје“. Со истоимениот истражувачки труд е дел од изложбата „Скопје: Град, Архитектура и Уметност на Солидарноста“ која се реализираше во Меѓународниот центар за култура во Краков во Јули 2019 година каде д-р. Вељаноски учествува како кураторски соработник и коавтор на официјалната публикација.

Од Септември 2020 година до денес е ангажиран како Асистент во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн и урбано и просторно планирање и проектирање на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Како селектор на студентски проекти и концепт на изложба за група предмети зема учество на 9 годишни и биенални студентски архитектонски изложби.

Во рамки на вонннаставните активности на Факултетот за Архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје учествува во организација и реализација на 4 последователни летни школи за архитектура и дизајн во Охрид, во функција на тутор и секретар од 2018 до 2023 година и во функција на програмски раководител во 2024 година. Од 2019 до 2021 година во функција на асистент координатор и истражувач е дел од Еразмус + проектот ENABLE: Embedding collaborative platform for upskilling and networking toward sustainable cities, на кој Универзитет Американ Колеџ Скопје е водечка организација. Од 2021 до 2023 година во својство на истражувач е дел од проектот SPA:RE Public Spaces Re:claimed, финансиран од програмата на Креативна Европа, проект на кој Универзитет Американ Колеџ Скопје е проектен партнер.

Д-р. Павел Вељаноски зема активно учество и во вон-академски истражувачки активности, каде е ангажиран во улога на ментор на архитектонски работилници, истражувач и автор на стручни публикации кои произлегуваат од истражувачка работа.

Од 2017 година до денес во улога на фасцилитатор е ангажиран во организација и реализација на културно-едукативениот проект “The Beit Project” каде преку урбаниот простор се поврзува историското наследство со борбата против расизмот, социјалната исклученост и дискриминацијата. Проектот се имплементира секоја година во Скопје под раководство на истоимената организација од Париз, Франција, доминантно поддржан од програмата “Europe for Citizens”, а на национално ниво од Министерството за Култура.

Д-р. Павел Вељаноски го потврдува својот интерес за научно-истражувачка работа така што е учесник на бројни домашни и интернационални научни конференции, од кои како автор и ко-автор има објавено научни трудови кои опфаќаат истражувања од полето на архитектура, урбанизам, просторно планирање, географија, ГИС, хидрографија, археологија, културно наследство и друго. Во последните 5 години има учествувано на шест научни конференции и

има објавено 10 научно истражувачки трудови во стручни списанија, монографии и зборници од научни собири.

Како резултат на неговата досегашна научно-истражувачка и проектантска работа д-р. Павел Вељаноски во последните 10 години има изработено концепт и дизајн за 9 истражувачки изложби, бил кураторски соработник на 2 интернационални изложби, се јавува како организатор на еден начен собир, членува во две комисии за оценување и припрема на конкурсна документација, како и обавува стручна редакција на еден научен труд и една стручна монографија.

Од 2021 година е ангажиран и во проектантското биро ПРОЕКТ К87 од Скопје, каде работи на голем број архитектонски проекти, архитектонски конкурси и истражувања во полето на архитектурата и урбанизмот. Како резултат на неговата проектантска работа, д-р. Павел Вељаноски во последните 10 години учествува во изработка на 6 идејни архитектонски проекти, 7 основни архитектонски проекти, 4 архитектонско-урбанистички студии и учествува на 6 архитектонски и архитектонско-урбанистички конкурси од кои на два е награден со откуп и посебно споменување (special mention). Со својата архитектонска и архитектонско-урбанистичка продукација зема учество на 4 групни архитектонски изложби од национален и интернационален карактер каде има изложено 7 проекти.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2014 до 2017 година е ангажиран како Соработник во наставата на Архитектонски Факултет – Скопје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” во Скопје, каде е дел од наставниот процес на предметите:

- Архитектонско Студио 1 / 2 – прв и втор семестар;
- Архитектонско Студио 3 / 4 – трет и четврт семестар;
- Внатрешна Архитектура 1 – седми и осми семестар.

Од Јануари 2019 до Јули 2020 година е ангажиран како Соработник во настава на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје каде е дел од наставниот процес на предметите:

- Архитектонско Проектирање 3/4 – трети и четврти семестар;
- Архитектонско Студио 1 – прв семестар;
- Основи на урбанизам – шестти семестар;
- Урбан Дизајн 1/2 – седми и осми семестар;
- Македонска Архитектура – шестти семестар.

Од Септември 2020 година до денес е ангажиран како Асистент во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн (20100) и урбано и

просторно планирање и проектирање (20114) на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ – Скопје каде е дел од наставниот процес на предметите:

- Архитектонско Проектирање 3/4 – трети и четврти семестар;
- Архитектонско Студио 1 – прв семестар;
- Основи на урбанизам – шестти семестар;
- Урбан Дизајн 1/2 (Студио Урбанизам 1/2) – седми и осми семестар;
- Архитектонско Проектирање Студио Дизајн 1 – седми семестар.

Во 2017 година во улога на Тутор зема учество во реализација на Летна Школа за Архитектура во Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, во организација на Архитектонски Факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје:

- 2017/Тема: Чувство за дом. Водечки тутор: Алеш Водопивец, Словенија.

Од 2018 до 2023 година година во улога на Секретар и Тутор зема учество во реализација на Меѓународната Летна Школа за Архитектура и Дизајн во Охрид, во организација на Факултетот за Архитектура и Дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје:

- 2021 / Тема: Сценирајќи го охридскиот пејзаж. Водечки тутори: Макс Босхард, Штефан Медер, Швајцарија;
- 2019 / Тема: Платформ туризам. Водечки тутор: Харалд Трап, Австрија;
- 2018 / Тема: Материјални контури. Водечки тутор: Митеш Диксит, САД.

Во 2024 година година во улога на Програмски раководител зема учество во реализација на Меѓународната Летна Школа за Архитектура и Дизајн во Охрид, во организација на Факултетот за Архитектура и Дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје:

- 2024 / Тема: Предизвикувајќи ги петте ѕвезди. Водечки тутор: Куба Снопек, Полска.

**Ментор на вон-наставни архитектонски работилници**

- 2020/Мали просторни интервенции во студентски домови (Скопје, Штип и Битола). Настан: 28.02 – 30.03.2020, Скопје: Skopje Urban Living Lab (SkULL). Архитектонска работилница во организација на Младинскиот образовен форум (МОФ) од Скопје во соработка со Здружението за развој на урбана култура и актуелизација на простор МЕЛЕЕМ од Скопје во склоп на проектот „Ангажирани студенти за студентски домови без корупција во Северна Македонија" поддржан од Фондацијата Отворено општество

**Концепт и дизајн на истражувачки изложби од областа на архитектурата и урбанизмот**

- 2013/„Светлина = Простор" / Изложба на архитектонски фотографии. Галерија Коридор на Архитектонски факултет при УКИМ, Скопје, 19.11.2013. Лица вклучени во

реализација: проф. д-р. Митко Хаџи Пуља, Бетим Зекири, Павел Вељаноски;

- 2017/„Истражување на формалниот јазик во Македонската црковна архитектура”. Македонска Академија на Науките и Уметностите во Скопје, 29.11.2017. Лица вклучени во реализација: проф. д-р. Митко Хаџи Пуља, Дарко Драгановски, Павел Вељаноски;
- 2018/Материјални контури / Изложба на територијални истражувања. Кино сала на Железничка зграда, Скопје, 27.06.2018. Лица вклучени во реализација: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Митеш Диксит (САД);
- 2018/„Материјални Контури”. Завршен настан/изложба на Меѓународната Летна Школа за Архитектура и Дизајн во Охрид 2018. Галерија Робевци, Охрид, 07.07.2018. Лица вклучени во реализација: Максим Наумовски (програмски директор), Митеш Диксит (САД), Павел Вељаноски.
- 2019/„Платформа за туризам”. Завршен настан/изложба на Меѓународната Летна Школа за Архитектура и Дизајн во Охрид 2019. Хотел Пела, Охрид, 05.07.2019. Лица вклучени во реализација: Максим Наумовски (програмски директор), Харалд Трап (Австрија), Павел Вељаноски.
- 2021/„ Плава и Зелена Стратегија за оддржлив развој на градот Прилеп”. Завршен настан/изложба на Еразмус + проектот ENABLE 2019-2021. ЦК Марко Цепенков, Прилеп, 22.09.2021. Лица вклучени во реализација: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Марина Торнатора, Благоја Бајковски;
- 2023/„Од Варшава до Скопје” / Изложба на поштенски разгледници, слајдови и урбанистички планови_По повод промоција на книгата „Варшава го исцртува Скопје”. Галерија МКЦ, Скопје, 16.09.2023. Лица вклучени во реализација: Кинга Нетман Мултановска, Филип Димевски, Павел Вељаноски;
- 2023/Право на јавни простори (Public Spaces Re:claimed) / Архитектонска изложба за алтернативно читање на градските карактеристики со фокус кон скриените аспекти на просторот, организирана во рамки на манифестацијата Бела ноќ 2023. Галерија Остен во Скопје, 30.09.2024. Лица вклучени во реализација: Павел Вељаноски, Максим Наумовски, Сара Ничота, Зорица Ставрова, Бојана Вучковиќ;
- 2024/„Предизвикувајќи ги петте ѕвезди”. Завршен настан/изложба на Меѓународната Летна Школа за Архитектура и Дизајн во Охрид 2024. Влезно фоаје на Хотел Палас, Охрид, 06.07.2024. Лица вклучени во реализација: Павел Вељаноски (програмски директор), Максим Наумовски, Куба Снопек (Полска), Паулина Пага (Полска), Магра Заворска (Полска);

**Кураторски соработник на интернационални изложби**

- 2014/Наоди: Павиљон на Република Македонија на 14-та меѓународна архитектонска изложба биенале во Венеција. Настан: 07.06-23.11.2014, Венеција: Павиљон Арсенале. Автори: Јован Ивановски (куратор), Александар Радевски, Ана Ивановска, Огнен Марина, Бојан Каранаков, Владимир Десков и Горан Мицковски. Соработници: Стефан Маџовски, Андреј Прошевски, Елеонора Поповска, Александар Врангаловски, Менде

Фидановски, Бисера Крцковска, Павел Вељаноски, Сандре Илијески, Тина Нешковиќ, Наташа Вчкова, Палина Милушева, Александра Шулевска, Дејан Спиров, Наталија Зафировска, Емилија Тасевска, Дамјан Момировски, Дарија Двојаковска.

- 2019/Skopje. City, Architecture and Art of Solidarity. Venue: 10.07-20.10.2019, Krakow: International Cultural Center. Exhibition concept: Agata Wąsowska-Pawlik, Łukasz Galusek. Curators: Monika Rydiger, Agata Wąsowska-Pawlik. Curatorial cooperation: Vladimir Deskov, Łukasz Galusek, Jovan Ivanovski, Kinga Nettmann–Multanowska, Pavel Veljanoski, Jasmina Namiceva. Authors of texts: Ana Ivanovska Deskova (AID), Łukasz Galusek (ŁG), Jovan Ivanovski (JI), Vladimir Deskov (VD), Monika Rydiger (MR), Pavel Veljanoski (PV), Agata Wąsowska-Pawlik (AWP), Michał Wiśniewski (MW). Exhibition design: Rafał Bartkowicz

**Селектор на студентски проекти и концепт на изложба за група предмети на годишни и биенални студентски ахритектонски изложби**

- ИАС/Изложба на архитектонски студија на Архитектонски Факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:
    - 2015/ИАС 05 / Изложба на архитектонски студија, зимски семестар 2014-2015 година. Настан: 22 - 30.01.2015, Скопје: Архитектонски Факултет;
    - 2015/ИАС 06 / Изложба на архитектонски студија, летен семестар 2014-2015 година. Настан: 16 - 23.06.2015, Скопје: Архитектонски Факултет;
    - 2016/ИАС 07 / Изложба на архитектонски студија, зимски семестар 2015-2016 година. Настан: 27.01 - 01.02.2016, Скопје: Архитектонски Факултет;
    - 2016/ИАС 08 / Изложба на архитектонски студија, летен семестар 2015-2016 година. Настан: 16.06 - 01.07.2016, Скопје: Архитектонски Факултет;
    - 2017/ИАС 09 / Изложба на архитектонски студија, зимски семестар 2016-2017 година. Настан: 25 - 31.01.2017, Скопје: Архитектонски Факултет;
    - 2017/ИАС 10 / Изложба на архитектонски студија, летен семестар 2016-2017 година. Настан: 07 - 14.06.2017, Скопје: Архитектонски Факултет.
- Студентска биенална изложба на Факултетот за Архитектура и Дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопј
    - 2019/10та Студентска изложба на ФАД. Настан: 12.10.2019, Скопје: Национална галерија Мала Станица;
    - 2021/11та Студентска изложба на ФАД. Настан: 20.10.2021, Скопје: Национална галерија Мала Станица;
    - 2024/12та Студентска изложба на ФАД. Настан: 12.06.2024, Скопје: Национална галерија Чифте Амам.

**Учество на конференции и научни собири во последните 5 години**

- 2019/Археолошка конференција „Неолитот во Македонија: во чест на Драгица Симоска”. Настан: 20.12.2019, Археолошкиот музеј на Република Северна Македонија, Скопје: Центар за истражување на предисторијата;

- 2021/ Heritage and Development: 6th Heritage Forum of Central Europe. Venue: 16-18.06.2021, Online, Krakow: International Cultural Centre;
- 2021/ Sixteenth Annual International Academic Conference on European Integration. Post Pandemic Sustainability in Europe. Venue: 16.09.2021, Online, Skopje: University American College Skopje;
- 2022/8th International Scientific Conference GEOBALCANICA. Venue: 9-10.05.2022, Online, Belgrade: Geobalcanica Society;
- 2024/6th Congress of Macedonian geographers with International participation. Venue: 29-30.05.2024, Ohrid: Macedonian Geographical Society
- 2024/City Street 6 Conference: Architecture as Infrastructure – Toward Sustainable, Inclusive and Beautiful City Streets. Venue: 24-28.09.2024, Skopje: Faculty of Architecture.

**Објавени стручни истражувачки трудови во стручни списанија и зборници од научни собири и текстови во монографии во последните 5 години**

[1]. Veljanoski, P., 2019. The contribution of Polish urban planners and architects to the post-earthquake reconstruction of Skopje. Skopje. City, architecture and art of solidarity. Krakow: International Cultural Centre, pp. 33–51.

[2]. Вељаноски, П., 2020. Симулација на просторни модели и структурално-обликувани постапки за превенција и промоција на археолошките локалитети рекогносцирани во подрачјето на Прилепско Поле. НЕОЛИТОТ во Македонија : во чест на Драгица Симоска. Скопје: Центар за истражување на предисторијата, стр. 15-28.

[3]. Naumovski, M., Veljanoski, P., Pejovski, M., 2021. New models of urbanity in the In-Between condition, Village of Chucher, Skopje. Sixteenth Annual International Academic Conference on European Integration. Post Pandemic Sustainability in Europe.Skopje: University American College Skopje, pp. 267-280.

[4]. Veljanoski, P., Markoski, B., Radevski, I., Gorin,S., 2022. Regulation of streams in the Skopje Region with measures for regulation and rehabilitation of the river beds. 8th International Scientific Conference GEOBALCANICA. Belgrade: Geobalcanica Society, pp. 331-358.

[5]. Gorin, S., Veljanoski, P., Radevski, I. & Markoski, B., 2022. GIS assessment of land cover flows in North Macedonia using Corine Land Cover database in the period 2000-2018. 8th International Scientific Conference GEOBALCANICA. Belgrade: Geobalcancia Society, pp. 359-373.

[6]. Veljanoski, P., Markoski, B., 2022. Challenges of urban expansion in the Skopje region. Annual Review of Territorial Governance in the Western Balkans, 4th Issue. Tirana: Co-PLAN, Institute for Habitat Development and POLIS Press, pp. 35-46.

[7]. Veljanoski, P., Markoski, B., Talevski, H., Naumov, G.,2023. Troubles in the Fields of the Past and Present Valley of Pelagonia. Heritage and Development.Krakow: International Cultural Centre, pp. 155-172.

[8]. Veljanoski, P., Naumovski, M., 2023.Underlay/Overlay: Moving Through the Skopje Urban Mosaic. SPA:RE Public Spaces ReClaimed. Novi Sad: The Inbox Art Association, pp. 71-80.

[9]. Veljanoski, P., Markoski, B., 2024. Dynamics and patterns of urbanization within the Skopje Region.6th Congress of Macedonian geographers with International participation. Ohrid: Macedonian Geographical Society.

[10]. Žugić, V., Antal, A., Veljanoski, P., Naumovski, M., Nichota, S., Stavrova, Z., 2024. Performing the Streets: Interdisciplinary Approach to Reclaiming Skopje's Public Spaces. Architecture as Infrastructure – Toward Sustainable, Inclusive and Beautiful City Streets.

Skopje: City Street 6 Conference.

**Автор и/или уредник на стручна публикација:**

- 2022/Staging Ohrid's Landscape: Architectural proposals for the city's cultural scenography. Editors: Max Bosshard, Stephan Mäder, Maksim Naumovski, Pavel Veljanoski, Paolina Miluseva, Martin Delovski. Skopje: University American College Skopje.
- 2023 / Алатки за евалуација на јавни простори: Преглед на јавни простори и студии на случај – Скопје (2018-2023). Автори на публикацијата: Милка Докузова, Ана Рафаиловска, Павел Вељаноски. Скопје: Публикацијата е создадена во рамки на проектот Communities for Sustainability II – Заедници за оддржливост II спроведуван од Здружението за заштита на животните и животната средина [Е.Д.Е.Н.] и граѓанската иницијатива Охрид SOS. Издавањето на публикацијата е поддржано од Фондацијата Хајнрих Бел.

**Организатор на конференции и научни собири**

- 2020/Дијалози СК2028: Периферијата на градот Скопје. Настан: 08.12.2020, Онлајн, Скопје: Културно-социјален простор - Центар Јадро. Модератори и организатори на настанот: Дејан Ивановски, Максим Наумовски, Павел Вељаноски
  Линк: https://www.youtube.com/watch?v=a7bN9tbtiUs&ab_channel=CentarJadro

**Учество на интернационални истражувачки проекти**

- 2019-2021/ENABLE: Embedding collaborative platform for upskilling and networking toward sustainable cities. Финансиска програма: Erasmus + KA203 Strategic Partnerships for Higher Education. Проект лидер: Универзитет „Американ Колеџ" Скопје, Факултет за Архитеткура и Дизајн. Тип на ангажман: Асистент координатор и истражувач.
  Линк: https://sites.google.com/uacs.edu.mk/enable
- 2021-2023/SPA:Re - Public Spaces ReClaimed. Финансиска програма: Creative Europe. Проектен партнер: Универзитет „Американ Колеџ" Скопје. Тип на ангажман: Истражувач.
  Линк: https://spa-re.info/

**Награди**

- 2017/Архитектонска награда „ТИГРИТЕ" која ја доделува списанието за архитектура "Architektura-murator" од Варшава, Република Полска, под покровителство на Амбасадата на Република Полска во Скопје.

**Членување во комисии и стручни редакции**

- 2018/Член на комисијата за оценка и избор на архитектонската награда „Тигрите" под покровителство на Амбасадата на Република Полска во Скопје, која се доделува за најдобар магистерски труд на Архитектонскиот факултет при УКИМ.
- 2021/Член на комисијата за припрема на документацијата и програмата за објава на

конкурсот за идејно архитектонско-урбанистичко решение на локалитетот на фабрика „Треска", распишан од страна на Општина Центар, Скопје.

- 2023/Рецензент на научен труд за списанието Journal of Nationalism, Memory & Language Politics (peer-reviewed journal published by De Gruyter on behalf of the Charles University).
- 2023/Стручна лектура на преводот од полски на македонски јазик на книгата „Варшава го исцртува Скопје" (Warszawa rysuje Skopje), на авторот Кинга Нетман Мултановска, во издаваштво на издавачката куќа Бегемот од Скопје.

**Учество на групни архитектонски изложби**

- 2018/БИМАС – Биенале на Македонска Архитектура. Настан: 13 - 27.09.2018, Скопје: Музеј на град Скопје:
  - Урбанистички планови и проекти: Симулација на програмски, волуменски и типолошки модификации (ДУП Ј14, Расадник, Општина Кисела Вода). Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски. Соработници: Андреа Ордевска, Натали Мицевска.
  - Архитектонски проекти: Фармацевтски факултет – Надградба. Проектанти: Огнен Марина, Бојан Каранаков, Павел Вељаноски.
- 2020/БИМАС – Биенале на Македонска Архитектура. Настан: 13 - 27.09.2018, Скопје: Музеј на град Скопје:
  - Архитектонски проекти: Конзерваторско – реставраторски работи и адаптација на поранешното училиште Св. Сава во Охрид. Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски. Соработници: Тамара Џерков, Тамара Прелоговска.
  - Архитектонски проекти: Планинска куќа за две семејства во Маврово. Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски. Соработници: Архитектри Доо Скопје, Андреа Таневски (градежен инженер).
- 2023/6th Balkan Architectural Biennale in Belgrade, Serbia. Venue: 21-22.11.2023, Belgrade: Salon of the Belgrade City Museum:
  - Conservation, restoration and adaptive reuse of former school St. Sava, Ohrid. Architects: Maksim Naumovski, Pavel Veljanoski, Miroslav Pejovski.
  - Mountain house for two families in Mavrovo. Architects: Maksim Naumovski, Pavel Veljanoski, Miroslav Pejovski. Collaborators: Arhitektri doo, Matthew Ferrel.
- 2023/Dani arhitekture / Days of Architecture Montenegro. Venue: 17-19.11.2023, Podgorica: Dvorana Muzickog Centra:
  - Competition for the conceptual architectural design of a primary school in city kvart in Podgorica, Montenegro. Authors: Maksim Naumovski, Pavel Veljanoski, Miroslav Pejovski, Tamara Djerkov, Frosina Stankovska.

**Изработка на идејни архитектонски проектни документации**

- 2015/Идеен проект за две станбени згради во населба Ѓорче Петров. Проектанти: Јован Ивановски, Дејан Ивановски, Ана Бораниева, Ристо Аврамовски, Павел Вељаноски.

- 2018/Идеен проект за надградба на Фармацевтски факултет при УКИМ. Проектанти: Огнен Марина, Бојан Каранаков, Павел Вељаноски.
- 2020/Идеен проект за планинска куќа за две семејства во Маврово. Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски. Соработници: Архитектри Доо Скопје, Андреа Таневски (градежен инженер).
- 2021/Идеен проект за две станбени куќи во Скопје. Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски. Соработници: Архитектри Доо Скопје.
- 2023/Идеен проект за хотел и деловен објект, Новапарк - Скопје. Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски, Тамара Џерков.
- 2024/Идеен проект за ентериерно уредување на три идентички станбени единици во Скопје. Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски.

**Изработка на основни архитектонски проектни документации**

- 2016/Основен проект за ентериерно уредување и ребрендирање на 10 филијали на осигурителната компанија Винер Осигурување. Проектант: Павел Вељаноски.
- 2017/Основен проект за ентериерно уредување на канцелариски простор на инвестициската компанија ВФП – фондови во Скопје. Проектант: Павел Вељаноски.
- 2018/Основен проект за станбена куќа за индивидуално домување во населба Бардовци, Скопје. Проектанти: Никола Кунгуловски, Медина Гициќ, Павел Вељаноски.
- 2020/Основен проект за реконструкција и адаптација на постоечки објект во ново седиште на дирекцијата на ОЕ Гранит Лабораторија АД Скопје. Проектанти: Максим Наумовски, Дејан Ивановски, Павел Вељаноски, Симона Чингоска, Емилија Стојановска.
- 2020/Мала просторна интервенција во дворот на студентскиот дом во Битола. Ментор на тим: Павел Вељаноски. Соработници: Рима Трајчева, Елена Босилкова, Анастасија Ристеска, Арсовски Кристијан, Али Алмала и Тамара Џерков.
- 2022/Основен проект за конзерваторско – реставраторски работи и адаптација на поранешното училиште Св. Сава во Охрид. Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски. Соработници: Тамара Џерков, Тамара Прелоговска.
- 2024/Основен станбена куќа за индивидуално домување во населба Тафталиџе 2, Скопје. Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски, Тамара Џерков.

**Изработка на архитектонско-урбанистички студии**

- 2018/Симулација на програмски, волуменски и типолошки модификации (ДУП Ј14, Расадник, Општина Кисела Вода). Нарачател: Општина Кисела Вода. Автори: Максим Наумовски, Павел Вељаноски. Соработници: Андреа Ордевска, Натали Мицевска.
- 2020/Нови модели на урбаност преку примерот на село Чучер, со адаптација и пренамена на вернакуларен објект во повеќенаменски простор (домување и работа). Нарачател: Асоцијација Паблик, Скопје. Автори: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски.

- 2021/Идеен урбанистички план за нова станбена населба во Сопиште. Нарачател: ГД Гранит АД Скопје. Автори: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски. Соработник: Филип Зафировски.
- 2023/Идеен урбанистички план за градски блок со доминантно деловна намена и јавен простор во населба Карпош, Скопје. Нарачател: ГД Гранит АД Скопје. Автори: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски.

**Учество на архитектонски и архитектонско-урбанистички конкурси**

- 2013/Europan 12: Adaptive city. Bondscape: Strategy for re-envisioning contemporary urbanity and housing through rethinking urban space on the edges of traditional European, but also globalized world city. Location: Kagran, Vienna, Austria. Authors: Jovan Ivanovski, Ana Ivanovska Deskova, Vladimir Deskov, Paolina Miluseva, Dejan Ivanovski, Risto Avramovski, Ana Boranieva, Pavel Veljanoski, Sara Simoska.
- 2013/OpenGap architectural competitions: CraftsMan roof: Market for Arts and Crafts. Authors: Pavel Veljanoski, Andrej Proshevski, Iva Shokoska, Daniel Dimovski.
- 2014/AC-CA Architectural Competition. Dubai architectural school tower: Re-think architecture. Authors: Pavel Veljanoski, Marko Gorgievski, Mihajlo Mihajloski.
- 2014/Општина Центар, Скопје. Архитектонски конкурс за основно училиште во Капиштец. Автори: Јован Ивановски, Ана Ивановска Дескова, Владимир Десков, Дејан Ивановски, Ана Бораниева, Ристо Аврамовски, Павел Вељаноски, Марјан Димиќ.
- 2015/Министерство за Образование и Наука на Република Македонија: Архитектонски конкурс за факултетски згради на ФИНКИ и ФФОСЗ при Универзитетскиот кампус во Скопје. Автори: Јован Ивановски, Горан Мицковски, Паолина Милушева, Павел Вељаноски, Николче Арсов. Награда: Втор откуп.
- 2023/Ministry of Ecology, Spatial Planning and Urbanism of Montenegro: International Competition for a conceptual architectural design of a primary school in City Kvart in Podgorica. Authors: Maksim Naumovski, Pavel Veljanoski, Miroslav Pejovski, Tamara Djerkov, Frosina Stankovska. Award: Special mention.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека д-р Павел Вељаноски искажува висока интелектуална, творечка и педагошка вредност, и дека ги исполнува законските услови да биде избран во наставно звање *предавач*, поради што се предлага на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн кандидатот д-р Павел Вељаноски да се избере во наставно звање *предавач* по група предмети од областа на архитектонско проектурање (2.01.02.01) и историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при УАКС.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Љупчо Јованов, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Дита Старова Ќерими, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Инџи Деребеј, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ (2.01.02.01) И ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ (2.01.02.05) НА МЕЃУНАРОДНАТА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 21-1182/4 од 6. 12. 2024 година донесена на седница на Наставнички совет на Меѓународна висока школа за архитектура и дизајн, одржана на 6. 12. 2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во наставно звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.00.01) и историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија” на ден 23. 11. 2024 година и во предвидениот рок се пријави:

1. *м-р Паолина Милушева*

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Биографски податоци*

Паолина Милушева е родена на 23.01.1987 година во Струмица. Од 2013 година е соработник во наставата на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, каде учествува во изведувањето на наставата на проектантските предмети Архитектонско проектирање 1 и 2, Архиткетонско проектирање 2 - Објекти од култура, Детаљ во архитектурата, Дизајн на урбана опрема, Компјутерска графика 1 и Компјутерска графика 2. Основно училиште завршила во ОУ „Моша Пијаде“, Струмица, средно училиште завршила во гимназија ДСУ „Јане Сандански“, Струмица. Дипломира со просек 8.00 на Архитектонскиот факултет, Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2012 година под менторство на проф. Минас Бакалчев на тема “Повеќесемејно домување, нови типологии, Маџир маало, Скопје“ . Во 2016 година ги завршува магистерските студии со просек 8.17, под менторство на проф. Минас Бакалчев на тема “Истражување во колективната форма 1964/2014: морфологија на домувањето” со наслов “Трансформација на станбена структура на примерот на Маџир маало, Скопје” на Архитектонскиот факултет, Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како архитект работи на голем број архитектонски проекти, архитектонски конкурси и истражувања во полето на архитектурата.

Во 2011 година учествува на конкурс за идејно решение за повеќенаменска спортска сала за 1000 гледачи во Скопје. Во 2012 година работи на идеен и основен проект за хотел во Старата скопска чаршија. Во текот на 2012 и 2013 година работи на проект за трајна поставка на

Меморијален ценатар на холокаустот на Евреите на Македонија, Скопје. Во 2012 година учествува и освојува прва наградa на конкурс за дизајн на фотелја INVERSE. Во 2013 учествува и освојува второ место на конкурс за идејно решение за Универзална сала, Скопје. Во 2013 година учествува на интернационалниот конкурс EUROPAN 12: Adaptive city, Kagran, Vienna. Во 2014 учествува во изработка на архитектонско урбанистички проект со идејно решение за ресторан Езерце – градски парк, Скопје, второнаграден труд. Во 2015 година на конкурсниот труд за факултетски згради за ФИНКИ + ФФОСЗ при Универзитетскиот кампус во Скопје, освојува награда – откуп. Во 2016 учествува на конкурс за столица на кој освојува трето место. Во 2017 учествува на конкурс за идејно решение за повеќенаменска спортска сала “Градски парк” со капацитет до 3000 гледачи, Скопје, за кој добива откуп. Во 2020 година работи на три конкурси, конкурс за избор на идејно архитектонско и хортикултурно решение за парк во Општина Карпош, Скопје, освоено второ место; конкурс за избор на идејно решение за хортикултурно и партерно уредување на скверови, Општина Аеродром, Скопје, за кој освојува второ место; Конкурс за избор на три партерни идејни решенија за „Летна отворена сцена“ на три локации во зелениот појас на Градскиот парк во Скопје. Во 2021 учествува на конкурс за избор на идејно решение за проектирање на управна (општинска) зграда на Општина Аеродром и Конкурс за избор на идејно урбанистичко и архитектонско решение за локалитетот на поранешната фабрика Треска во Скопје, каде освојува прво место. Во 2022 учествува на Конкурс за избор на идејно урбанистичко и архитектонско решение за детска градинка во Општина Аеродром, Скопје. Во 2023 зема учество во меѓународен конкурс за избор на идејно архитектонско решение за основно школо во Подгорица.

Учествува во повеќе летни школи и работилници, летна школа TERRISTORIES, под менторство на проф. Klaske Havik, TU Delft, Крива Паланка, Македонија во 2009; Интернационална работилница – After urban sprawl, a new alliance town – countryside, Болоња, Италија во 2011; Интернационална студентска работилница „Јужен булевар: нова оска на развој на Скопје“,Архитектонскиот факултет, Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Архитектонски факултет, Торино, Италија во 2011 година.

***Наставно-образовна дејност***

- Во 2013 е ангажирана како Соработник во настава на проектантските предмети, предмети од обласtа на архитектонски конструкции и компјутерска графика на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје.

Во рамките на Факултетот за Архитектура и дизјан на УАКС зема учество во изведувањето на наставата на следните предмети:

- **Прва година** – Архитектонско проектирање 1 и 2.

- **Втора година** – Компјутерска графика 1 и 2.

- **Трета година** – Дизајн на урбана опрема, Детаљ во архитектурата.

- **Четврта година** – Архитектонско прокетирање 2-Објекти од култура.

- Тутор на летна школи и работилници за архитектура:

  - Интернационална летна школа, Urban Urgency, Скопје, Македонија, 2013
  - Интернационална летна школа, Urban Urgency, Валенсија, Шпанија, 2014
  - Интернационална летна школа, Urban Urgency, Сплит, Хрватска,2015

- Меѓународна летна школа за Архитектура, Охрид, УАКС, Скопје - Soft spaces, HHF Architects, Basel, Switzerland, 2016
- Интернационална летна школа, Urban Urgency, Винтертур, Швајцарија, 2017
- Интернационална летна школа, Phoenix, Винтертур, Швајцарија, 2019
- Сценирање на пејзажот. Макс Босхард, Штефан Медер, Швајцарија, 2020

**Учество на изложби:**

- Учество на биенале на македонската архитектура, БИМАС 2010 со проект повеќенаменска спортска сала за 3000 гледачи, Скопје
- Учество во изложба - OUTBOX, Музеј на Град Скопје, 2011
- Учество на изложба - "Шеесеттите: Светот, Скопје и скопјани", дел од културниот настан „Бела ноќ-2012",Музеј на Град Скопје, 2012
- Невидливо Скопје - Архитектонски водич – Музеј на град Скопје, дел од истражувачкиот тим. 2013.
- Наоди - Павиљон на Република Македонија на Венециско Биенале. Соработник. 2014;
- Студентска изложба – Факултет за Архитектура и Дизајн – УАКС. Скопје, 2013-2024.

**Стручни публикации / објавени истражувања:**

- "Невидливо Скопје - Архитектонски водич", со група архитекти ISBN 978-608-233-032-7
- Staging Ohrid's landscape : architectural proposals for the city cultural scenography

  ISBN 978-608-4607-55-7

***Општествена дејност***

- Координатор на БИСТА 2018 (Биенале на студенти по архитектура);

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Паолина Милушева искажува висока интелектуална, творечка и педагошка вредност, и дека ги исполнува законските услови да биде избрана во наставно звање *предавач*, поради што се предлага на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн кандидатката м-р Паолина Милушева да ја избере во наставно звање *предавач* по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.02.01) и историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при УАКС.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Љупчо Јованов, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Дита Старова Ќерими, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Инџи Деребеј, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЕНТЕРИЕР И МЕБЕЛ (2.01.02.03) НА МЕЃУНАРОДНАТА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 21-1182/6 од 6. 12. 2024 година донесена на седница на Наставнички совет на Меѓународна висока школа за архитектура и дизајн, одржана на 6 декември 2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во наставно звање по група предмети од областа на проектирање на ентериер и мебел (2.01.02.03) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на ден 23. 11. 2024 година и во предвидениот рок се пријави:

2. *м-р Мартин Деловски*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Мартин Деловски е роден на 29.03.1988 година во Скопје. Од 2013 година е соработник во наставата на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, каде учествува во изведувањето на наставата на предметите: Ентериер 1 и 2, Нацртна геометрија, Перспектива, Архитектонски конструкции 1, Студио 2, Визуелно изразување 2, Детаљ во архитектурата. Основно и средно училиште завршува во Скопје. Дипломира со просек 8.99 на Факултетот за Архитектура и дизајн при Универзитет Американ колеџ Скопје. Во 2018 година ги завршува магистерските студии со просек 9,09, под менторство на проф. Мишко Ралев на тема "Трговски Центри" со наслов "Хибриден трговски центар" на Факултетот за Архитектура и дизајн при Универзитет Американ колеџ Скопје. Од 2024г. е запишан на докторски студии на Архитектонски факултет при Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје. Како архитект работи на голем број архитектонски проекти, архитектонски конкурси и истражувања во полето на архитектурата.

Во 2012 година учествува и освојува прва награда на конкурс за реконструкција на музеј на Град Скопје како дел од проектантски тим.. Во 2013 година работи на идеен и основен проект за семејна куќа во Скопје. Во текот на 2013 и 2015 година работи на проекти од полето на ентериерното уредување. Во 2016 работи како соработник на основен проект за реконструкција и адаптација на Трговски центар Капиштец. Во 2018 работи како соработник на основен проект за детска градинка во Скопје. Во 2019 работи на основен проект за Хотел и ресторан во Св.Николе како дел од проектантски тим.

***Наставно-образовна дејност***

- Во 2013 е ангажиран како Соработник во настава на проектантските предмети, предмети од обласна на архитектонски конструкции и ентериер на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје.
- Во 2021 е избран за асистент во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн (20100) и архитектонски конструкции (20112) на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ - Скопје

Во рамките на Факултетот за Архитектура и дизјан на УАКС зема учество во изведувањето на наставата на следните предмети:

- **Прва година** – Нацртна геометрија, Перспектива, Визуелно изразување 2

- **Втора година** –Архитектонски конструкции 1.

- **Трета година** – Ентериер 1 и 2 , Детаљ во архитектурата,

- **Четврта година** – Студио проектирање 2, Ентериер 1

- Тутор на летна школи и работилници за архитектура:
  - Меѓународна летна школа за Архитектура, Охрид, УАКС – Скопје

    "ArchitectureasPerformance" Kresimir Rogina, Vinko Penezik, Загреб, Хрватска, 2013

    "Metabolism Revisited" atelier Bow-Wow , Токио , Јапонија ,2014

    "Behaviorology in Ohrid" atelier Bow-Wow , Токио ,Јапонија ,2015

    "Soft spaces", HHF Architects, Базел, Швајцарија, 2016

    "Natural systems, Enota Architects, Љубљана, Словенија, 2017

    "Platform Tourism" Harald Trapp, Виена, Австрија, 2019

    Сценирање на пејзажот. Макс Босхард, Штефан Медер,

    Швајцарија. 2020.

**Учество на изложби:**

- Учество на биенале на македонската архитектура, БИМАС 2012 со проект Реконструкција на музеј на Град Скопје

***Општествена дејност***

- Ротари клуб Скопје- член
- Член во управниот одбор на Асоцијација на архитекти на Македонија

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Мартин Деловски искажува висока интелектуална, творечка и педагошка вредност, и дека ги исполнува законските услови да биде избран во наставно звање *предавач*, поради што се предлага на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн кандидатот м-р Мартин Деловски да го избере во наставно звање *предавач* по група предмети од областа на проектирање на ентериер и мебел (2.01.02.03) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при УАКС.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Љупчо Јованов, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Сашо Блажевски, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Инџи Деребеј, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ (2.01.02.05) И ДРУГО (2.01.02.08) НА МЕЃУНАРОДНАТА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 21-1182/5 од 6. 12. 2024 година донесена на седница на Наставнички совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн, одржана на 6 декември 2024 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) и друго (2.01.02.08) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 23. 11. 2024 година, и во предвидениот рок се пријави:

- *д-р Инџи Деребеј*

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Биографски податоци*

Д-р Инџи Селим Деребеј (1981) со степен на образование "доктор на технички науки по машинство" се стекнала на Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје, на Машинскиот Факултет во 2021 година, со одбрана на докторската теза на тема: „Платформа за идентификација на материјали при дизајнирање еколошки прифатливи производи" (просечен успех 9,87).

Кандидатката стекнала степен на образование "магистер по архитектура и дизајн" – насока дизајн (просечен успех 10), на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Факултет за архитектура и дизајн во 2014 година, со одбрана на магистерскиот труд на тема: "Аспекти на ребрендирањето на амбалажа за вино (Студија на случај: Македонија, Германија и Јапонија)".

Во 2006 година, кандидатката ги комплетирала испитите од студиската програма "Индустриски дизајн" на Архитектонскиот факултет при Middle East Technical University во Анкара, Р. Турција и се стекнала со звање "Дипломиран индустриски дизајнер„ (просечен успех 8,10).

Д-р Инџи Селим, е предавач на меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје од 2015 година, каде учествува во изведувањето на наставата на проектантските предмети од областа на архитектура и дизајн.

Покрај индустриски дизајн, Д-р Инџи Селим се занимава и со графички дизајн при што има изработено низа плакати и програми, веб апликации и амбалажи.

***Наставно-образовна дејност***

Во октомври 2015 год. е избрана за предавач по група предмети од обласна на архитектура и дизајн на меѓународната висока школа архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје.

Од 2017 год. е асистент на Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС за следните предмети:

Графички дизајн, Индустриски дизајн 1 и 2, Теорија и форма во архитектурата

Од 2021 год. е доцент на Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС за следните предмети:

Графички дизајн, Индустриски дизајн 1 и 2, Теорија и форма во архитектурата, Дизајн 1,2 и 3, Компјутерска графика 1, 2 и 3

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Доц. д-р Инџи Селим има објавено повеќе научни трудови и тоа:

| **Труд** | **Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (6. 12. 2024)** | **Рецензирано списание** | **Референтна научна публикација** |
|---|---|---|---|
| Derebey, I., Vasikj, T., Drndar-Mujević., E. (2024) Creativity Progress in Digital Era. Međunarodna konferencija o jeziku, književnost i umjetnosti, Univerzitet u Novom Pazaru, 19. april 2024. | Да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да |
| Mladenovska, D., Derebej, I. (2023) Enhancing occupational health and safety legal framework regarding increased ambient temperatures, nanotechnologies and design for safety in buildings – Macedonian case. International Health and Climate Change Congress: Climate Change, Mitigation, Adaptation, Resilience, Sectoral Development, Izmir, Türkiye. (2022) ISBN: 978-605-06408-6-1 | Да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да |
| Mladenovska, D., Selim, I., Lazarevska, M, A., Kandikjan, T. (2023) Attributes Defining Cost-effectiveness of Biodegradable Products in the Product Driven | Да | Да. Утврдено според расположливи информации на | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Design (PDD). Journal of Environmental Protection and Ecology (ISSN 1311-5065), Volume 24 (2023) | | интернет страницата од списанието. | |
| Selim, I., (2021) Material Information Platform for Environmentally Friendly Products. Published in: Materials Experience 2. 1st Edition. Expanding Territories of Materials and Design. Editors: Elvin Karana, Valentina Rognoli, Owain Pedgley. Butterworth-Heinemann. Paperback ISBN: 9780128192443 [https://www.elsevier.com/books/materials-experience-2/pedgley/978-0-12-819244-3] | Да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да |
| Selim, I., Lazarevska, M, A., Mladenovska, D., Kandikjan, T., Sidorenko, S (2020). “Identifying Material Attributes for Designing Biodegradable Products”. New Technologies, Development and Application. Springer. [doi.org/10.1007/978-3-030-18072-0] | Да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да |
| Selim, I., Lazarevska, M, A., Kandikjan, T., Sidorenko, S (2019). "Multi-attribute material information platform." In N.A.G.Z. Börekçi, D. Jones, F. Korkut, D. Özgen Koçyıldırım (Eds.), Proceedings of DRS Learn X Design 2019 Fifth International Conference for Design Education Researchers: Insider Knowledge. [DOI: 10.21606/learnxdesign.2019.17032] | Да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да |

Доц. д-р Инџи Селим Деребеј ги има објавено и следните научни трудови (постари од пет години од денот на објавувањето на конкурсот):

Selim, I., Kandikjan, T., Lazarevska, M, A., Mladenovska, D., (2018). “Adaptation of ID thinking process to the demands of biodegradable plastics” poster presentation in Gredit 2018 conference (pp.161), 22-25 March 2018. Skopje, Macedonia.

[http://www.benainfo.net/gredit/2018/doc/Book_of_Abstracts-GREDIT2018.compressed.pdf]

Selim, I., Kandikjan, T., Lazarevska, M, A., (2018). "End-of-life analysis of biodegradable plastics for industrial design purposes" oral presentation in Gredit 2018 conference (pp.59), 22-25 March 2018. Skopje, Macedonia.

[http://www.benainfo.net/gredit/2018/doc/Book_of_Abstracts-GREDIT2018.compressed.pdf]

Mustafa, E., Selim I., Lisickov, K., Marinovski, M., Kuvendziev., Bozinovski., Z., Radevski, A., Jakupi, S., (2017). "Application of zero emission concept in the wastewater treatment by membrane bio-reactor" Zbornik radova vodovod I kanalizacija, Kragujevac, Serbia 2017. Vol 17, No 38, pp.340

Vasic, T., Petrovska, I., Selim, I., (2014). "Wine Packaging for the new consumer' perception in Macedonia, Germany and Japan." The Europe of tomorrow: Creative, Digital, Integrated: UACS, Skopje, Macedonia, pp. 433

[http://www.aicei.uacs.edu.mk/document/1076c839-1261-a822-9d22-b3f0c1fe2a37

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека д-р Инџи Деребеј искажува висока интелектуална, творечка и педагошка вредност, и дека ги исполнува законските услови да биде избрана во наставно звање *професор*, поради што се предлага на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн кандидатот д-р Инџи Деребеј да ја избере во наставно звање *професор* по група предмети од областа на историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) и друго (2.01.02.08) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при УАКС.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Љупчо Јованов, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Дита Старова Ќерими, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Мишко Ралев, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ИНЖЕНЕРСТВО (2.01.02.04) И ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ (2.01.02.05) НА МЕЃУНАРОДНАТА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 21-1182/7 од 6 декември 2024 година донесена на седница на Наставнички совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн, одржана на 6. 12. 2024 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на архитектонско инженерство (2.01.02.04) и историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 23. 11. 2024 година, и во предвидениот рок се пријави:

- *д-р Ана Велинова*

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставнички совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Ана Велинова е родена во 1983 година во Скопје. Средното образование го завршува во државното средно училиште - математичка гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје. Во 2009 година дипломира на Архитектонскиот факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, со тема „Програмско инфилтрирање – информативен центар, музеј, кафé, времено домување – Тврдина, Скопје“ и се стекнува со звање Дипломиран инженер архитект. Во 2013 година магистрира на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, со тема „Пристапи во програмирањето и проектирањето во насока на претставување нови модели на повеќенаменски центри од областа на културата“ и се стекнува со звање Магистер по архитектура и дизајн. Во 2024 година докторира на Архитектонскиот факултет на Универзитетот во Загреб, Хрватска, со тема: „Згради на in-situ музеи: трансформација на архитектонската форма преку параметрите на местото“ и се стекнува со звање Доктор на технички науки (научно подрачје Технички науки, научно поле Архитектура и урбанизам).

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатката д-р Ана Велинова во септември 2009 година е ангажирана во наставата на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Во 2017 година е избрана за асистент во наставата на Факултетот за архитектура и дизајн.

Во рамките на Факултетот за архитектура и дизјан на УАКС зема учество во изведувањето на настава на следните предмети: на додипломски студии - Ентериер 1, Ентериер 2, Дизајн на мебел 1, Ентериер 3, Дизајн на мебел 2; на последипломски студии - Студио внатрешна архитектура 1, Елементи на внатрешна архитектура, Студио внатрешна архитектура

2, Ентериер 1 - Брендирање на ентериери, Ентериер 2, Студио внатрешна архитектура 3, Универзален дизајн, Интегративно студио внатрешна архитектура.

***Летни школи и работилници***

• Тутор на летна школа и работилници за архитектура:

- Меѓународна летна школа за Архитектура, Охрид, УАКС – Скопје (2018, „Материјални контури“);

- Студентска работилница на УАКС под раководство на архитектите Пенезиќ и Рогина од Загреб (2014);

- Студентска работилница на УАКС во соработка со Општина Карпош (2011, проекти за реконструкција на две основни училишта во општина Карпош).

***Останати активности поврзани со наставната дејност***

- Академски советник на Факултетот за архитектура и дизајн, Универзитет Американ Колеџ Скопје

- Член на Универзитетскиот сенат на Универзитетот Американ Колеџ Скопје

- Член на организациониот одбор на Меѓународната конференција за Европска интеграција на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и задолжена за областа на архитектурата и урбанизмот (2020 – “Climate Change Challenges and Building Resilience”, 2021 – “Post-pandemic sustainability in Europe”)

- Член на комисијата за доделување на наградата за најдобар труд на Меѓународната конференција за Европска интеграција на УАКС (“Prof. Zlat Milovanovic Best Paper Award” 2021)

- Подготовка и изведба на годишни изложби на Факултетот за архитектура и дизајн, Универзитет Американ Колеџ Скопје

Во текот на изминатите години има одржано предавања од областа на внатрешна архитектура како дел од наставната програма. Во наставната програма учестува со подготовка, организација и изведба на програма за дизајн на мебел од рециклирани производи од хартија, на насоката внатрешна архитектура на последипломски студии. Учествува во подготовка и изведба на наставни програми во соработка со „Галерија Остен“, „Музеј на град Скопје“ и „Национална галерија - Мала станица“ од Скопје. Професионалните ангажмани на кандидатката во досегашната наставна дејност на Универзитетот Американ Колеџ Скопје се високо евалуирани на годишно ниво.

***Стручно-уметничка дејност и учество на изложби***

• Проекти од областа на архитектурата и архитектонски конкурси:

- „МК 9.50“ и „МК 9.51“ – станбени објекти на ул. Козле, Скопје, изложба и публикација БИМАС 2012 (соработник на проект); „Игра“ – станбен објект на ул. Софиска, Скопје, изложба и публикација БИМАС 2010 (соработник на проект); „Цибар“ – хотелски апартмани, Кожуф, изложба и публикација БИМАС 2010 (соработник на проект); „Белушка“ – станбен објект во Бардовци, Скопје, изложба и публикација БИМАС 2008 (соработник на проект); Библиотека во

Берово – конкурсен проект, изложба и публикација БИМАС 2008 (ко-автор на конкурсен проект).

• Во 2011 година учествува на архитектонската изложба „Подмладување“ отворена во културниот центар „Креактив“ во Скопје, која има за цел активирање на напуштени објекти преку нивна пренамена, со проект за адаптација на фабриката за сапун „Цветан Димов“ во медиатека (со И. Илкоска).

***Останати активности поврзани со стручно-уметничката дејност***
• Член на Асоцијација на архитекти на Македонија (ААМ)

***Научни публикации / објавени истражувања***

Кандидатката ги има објавено следните трудови:

- „Одржлива музејска култура во пост-пандемиските градови: студија на случај за Скопје“, 2021 (со М. Батакоја и З. Павлов), Зборник на трудови од Меѓународната конференција за Европска интеграција на Универзитетот Американ Колеџ Скопје (“Sustainable Museum Culture in the Post-Pandemic City: Case Study of Skopje”, AICEI 2021 – “Post-Pandemic Sustainability in Europe”)

- „Згради на in-situ музеи: трансформација на архитектонската форма преку параметрите на местото“, 2024, преглед на докторската дисертација (“In-situ Museum Buildings: Transformation of Architectural Form through Parameters of Place”, *Prostor*, 32 (1(67))

***Учество на конференции***
- „Одржлива музејска култура во пост-пандемиските градови: студија на случај за Скопје“ (2021 – Меѓународна конференција за Европска интеграција на Универзитетот Американ Колеџ Скопје);

***Учество на семинари***
- TRSS Training and Research Seminar Series, UACS

***Општествена дејност***
Во досегашниот ангажман на Факултетот за архитектура и дизајн учествувала во наставата која се изведува во соработка со институции во Р. Македонија како дел од наставната програма на Факултетот. Наставната програма на која учествува е: соработка со град Струга (2018, предмет: Студио внатрешна архитектура, програма: Туристички информативен центар во Струга), соработка со град Крушево (2016, предмет: Брендирање на ентериери, програма: ребрендирање на хотел „Илинден“; 2016, предмет: Студио внатрешна архитектура, програма: Туристички информативен центар во Крушево), соработка со Национална галерија Мала станица, Скопје (2016, предмет: Ентериер 2, програма: Канцелариски простор, Арт кафе, Концепт продавница – Национална галерија Мала станица, Скопје), соработка со Општина Дојран (2016, предмет: Ентериер 2, програма: ентериерно решение на општинска зграда во Дојран; 2015, предмет: Брендирање на ентериери, програма: Брендирање на туристички информативен центар, Брендирање на хотел, Брендирање на продавница за органска козметика во Дојран; 2015, предмет: Студио внатрешна архитектура, програма: Туристички информативен

центар во Дојран), соработка со Музеј на град Скопје (2013, предмети: Студио внатрешна архитектура, Ентериер 2, Дизајн 2, програма: галериски изложбен простор на Музеј на град Скопје), соработка со Галерија Остен, Скопје (2012, предмет: Ентериер 2, програма: Галерија Остен и Арт-хотел Остен), студентска работилница во соработка со Општина Карпош (2011, програма: проекти за реконструкција на две основни училишта во општина Карпош).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека д-р Ана Велинова искажува висока интелектуална, творечка и педагошка вредност, и дека ги исполнува законските услови да биде избрана во наставно звање *предавач*, поради што се предлага на Наставнички совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн кандидатката д-р Ана Велинова да ја избере во наставно звање *предавач* по група предмети од областа на архитектонско инженерство (2.01.02.04) и историја на архитектура и уметност (2.01.02.05) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при УАКС.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Љупчо Јованов, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Дита Старова Ќерими, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Сашо Блажевски, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ (2.01.02.01) НА МЕЃУНАРОДНАТА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 21-1182/3 од 6. 12. 2024 година донесена на седница на Наставнички совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн, одржана на 6 декември 2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во наставно звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.02.01) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 23. 11. 2024 година и во предвидениот рок се пријави:

3. *м-р Бранислава Ѓорѓевиќ Атанасовска*

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Бранислава Ѓорѓевиќ Атанасовска е родена на 20.02.1981 година во Скопје. Основно образование завршува во ОУ „Вера Циривири Трена“, Скопје, средно образование во СУГС Гимназија „Орце Николов“, Скопје. Во 2006 година дипломира на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје со просек 9,34. Во 2008 година добива признание за најдобар дипломиран студент со највисок просечен успех за академската 2006/2007 година, од страна на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, Скопје. За постигнатиот висок резултат истата година се здобива и со признание „Инженерски прстен“ од страна на Инженерската институција на Р. Македонија, под покровителство на Претседателот на Р. Македонија. За време на студиите и по нивното завршување, од 2003 до 2009 година вклучена е во наставниот процес на Архитектонскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, како соработник на предметот Елементи на проектирање/Архитектонско проектирање 1. Од 2008 година до денес, Бранислава Ѓорѓевиќ Атанасовска ангажирана е во наставата на предмети од областа на проектирањето и дизајн, на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје. Учествува во изведување на наставата на група предмети од областа на архитектонско проектирање, односно предметите од прв циклус на студии: Архитектонско проектирање 1, 2, 3, 4, 5 и 6, Архитектонски конструкции 1, Јавни згради; и од втор циклус на студии на предметите: Архитектонско проектирање 1- Образование и здравство, Архитектонско проектирање 3- Спорт. Во мај 2021 избрана е во соработничко звање асистент по група предмети од областа на Архитектонско проектирање и дизајн на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Работела на повеќе проекти и конкурсни трудови и учествувала на бројни работилници и обуки од областа на архитектурата, во земјата и во странство. Во 2014 година, добитник е на награда за проект од областа на дизајнот, во рамките на Биеналето на македонска архитектура (БИМАС). Во 2016 ја добива титулата магистер по архитектура на Архитектонскиот Факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Република Македонија. Магистерските студии ги завршува со вкупен просек 9,40 од двете студиски програми, под менторство на проф. Минас Бакалчев на тема "Истражување во колективната форма 1964/2014: морфологија на домувањето" со наслов "Современо домување - Хибридна програмска надградба врз примерот на станбените блокови во населбата Карпош 2, Скопје".

Покрај наставно-образовната и научно-истражувачка дејност, како архитект работи на бројни архитектонски проекти, архитектонски конкурсни трудови и истражувања во полето на архитектурата.

Во 2005 година работи на идеен и основен проект за доградба на индивидуален станбен објект во Скопје. Во 2006 година изработува идеен и изведбен проект на административен објект во Скопје. Наредната 2007 година работи на: идеен и основен проект за доградба и надградба на индивидуална станбена зграда, идеен и основен проект за индивидуална станбена куќа во Скопје и изработува идеен и основен проект за винарска визба во Струмица. Во 2008 година работи на идеен и основен проект за индивидуална станбена куќа во Скопје. Во 2009 година работи на идеен и основен проект за станбен објект во Гевгелија. Истата година работи на проект за реставрација на заштитено недвижно добро Исак џамија во Битола. Во 2010 година работи на проект за адаптација на индивидуален станбен објект во Скопје. Во 2011 година работи на идеен и основен проект за доградба на индивидуален станбен објект во Скопје. Во 2013 година учествува на конкурс за избор на идејно решение за изградба на објект Основно училиште во населба Капиштец, Скопје, со капацитет од 500 ученици, каде добива втора награда. Во 2014 година изработува идеен проект за CITY BOX киоск, Скопје, за којшто добива награда за проект од областа на дизајнот, во рамките на Биеналето на македонска архитектура (БИМАС) БИМАС 2014. Во 2014 учествува на конкурс за избор на идејно решение за изработка на архитектонско урбанистички проект со идејно решение за ресторан „Езерце"-Градски парк, Скопје, на којшто освојува трета награда. Во 2014 година работи на идеен и изведбен проект за реконструкција на индивидуална семејна куќа во Скопје. Во 2015 година работи на идеен и изведбен проект за реконструкција на индивидуална станбена куќа во Прилеп. Во 2015 година работи на идејно решение за фасадно обликување на индивидуална станбена куќа во Скопје. Во 2015 година работи на идеен и основен проект за станбено деловен објект во Скопје. Во 2016 година работи на идеен и основен проект за станбена куќа со деловен простор во Скопје. Во 2016 година работи на идеен и основен проект за индивидуална станбена куќа во Гевгелија.

Од 2005 година до денес, работи на повеќе идејни и изведбени проекти за внатрешно уредување и дизајн: идеен и изведбен проект за ентериер на индивидуална станбена куќа во Скопје (2005); идеен и изведбен проект за ентериер на стан во Скопје (2010); идеен и изведбен проект за ентериер на индивидуална станбена куќа во Скопје (2011); идеен и изведбен проект за ентериер на индивидуална станбена куќа во Скопје (2014); идеен и изведбен проект за ентериер на индивидуална станбена куќа во Прилеп (2015); идеен проект за ентериер на кафе-бар во Тетово (2015); идеен и изведбен проект за ентериер на стан во Скопје (2019/21); идеен и изведбен проект за ентериер на стан во Скопје (2019/21); идеен и изведбен проект за ентериер на стан во Скопје (2019/21); идеен и изведбен проект за ентериер на стан во Скопје (2021); идеен и изведбен проект за ентериер на стан во Виена (2022); идеен и изведбен проект за ентериер на стан во Скопје (2022); Во 2023 година работи на идеен и изведбен проект за реконструкција на

индивидуална станбена куќа во Скопје. Во 2023 година учествува на конкурс за избор на идејно архитектонско решение на Дом за стари лица Дубрава во Загреб. Во 2023 година ја дизајнира и реализира изложбената поставка "Замисли", изложба на Факултетот за архитектура и дизајн на Биеналето на студенти по архитектура и дизајн БИСТА 2023 во Музејот на современа уметност во Скопје. Во 2024 година работи на идеен и изведбен проект за ентериер на стан во Скопје. Во 2024 година ја дизајнира и реализира изложбената поставка на Биеналната студентска изложба на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Чифте Амам, Скопје. Во 2024 година работи на проектот "Increasing attractiveness, iclusiveness and relevance of VET and Adult Education, Erope Aid/140265/IH/SER/MK".
Од 2014 год член е на ААМ –Асоцијација на Архитекти на Македонија и на Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Р. Македонија.

***Наставно-образовна дејност***

За време на студиите и по нивното завршување, од септември 2003 до јуни 2009 година вклучена е во наставниот процес на Архитектонскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", како Соработник во настава на предметот:

- Прва година: Елементи на проектирање / Архитектонско проектирање 1;

Од септември 2008 година, ангажирана е во наставата на предмети од областа на проектирање и дизајн, на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје. Учествува во изведување на наставата, како Соработник во настава на група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн:

- Прва година: Архитектонско проектирање 1; Архитектонско проектирање 2;
- Втора година: Архитектонско проектирање 3; Архитектонско проектирање 4; Архитектонски конструкции 1;
- Трета година: Архитектонско проектирање 5; Архитектонско проектирае 6; Јавни згради;
- Четврта година: Архитектонско проектирање 1 – Образование и здравство;
- Петта година: Архитектонско проектирање 3- Спорт.

Како тутор зема учество на следните летни школи и работилници за архитектура:

- Работилница „Universal Design" на Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС, Скопје (2008);
- Работилница „Проект за реконстукција на две основни училишта во Скопје" во соработка со Општина Карпош и Факултет за архитектура и дизајн на УАКС, Скопје (2011);
- Трибина „За подобри услови во градинките", Факултет за архитектура и дизајн на УАКС, Скопје;
- Меѓународна Летна школа за архитектура и дизајн на Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС, со наслов „Architecture as performance", раководена од Vinko Penezić и Krešimir Rogina, Охрид (2013);
- Меѓународна Летна школа за архитектура на Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС, со наслов „Metabolism revisited", раководена од Yoshiharu Tsukamoto и Momoyo Kaijima, Охрид (2014);
- Меѓународна Летна школа за архитектура на Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС, со наслов „Behaviorology in Ohrid", раководена од Yoshiharu Tsukamoto и Momoyo Kaijima, Охрид (2015).

Во мај 2021 избрана е во соработничко звање асистент по група предмети од областа на Архитектонско проектирање и дизајн на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

*Учество на изложби:*

- Изложбата на студентски проекти по повод јубилејниот празник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, Домот на АРМ, Скопје, учесник(2001);
- Биенале на студентите по архитектура БИСТА, два проекти, учесник(2002);
- Биенале на студентите по архитектура БИСТА, два проекти, учесник(2004);
- Биенале на студентите по архитектура БИСТА, проект, учесник(2006);
- Биенале на студентите по архитектура БИСТА, проект, учесник(2008);
- Изложба на студентски проекти по повод 60 години постоење на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, проект, учесник (2009);
- Архитектонска изложба “Училиште за нас” по конкурс за идејно решение за основно училиште во населба Капиштец, Музеј на град Скопје, Скопје, учесник(2014);
- Биенале на македонска архитектура БИМАС, проект во областа на ентериер и дизајн – CITY BOX, Музеј на град Скопје, Скопје, учесник (2014);
- Биенале на македонска архитектура БИМАС, конкурсен проект, Основно училиште во населба Капиштец Скопје, Музеј на град Скопје, Скопје, учесник (2014);
- Архитектонска изложба “Езреце” по конкурс за идејно решение за изработка на архитектонско урабистички проект со идејно решение за ресторан Езерце - Градски парк, Музеј на град Скопје, Скопје, учесник (2014);
- „Бесконечна соба“ - Изложба на архитектонски проекти, Младински Културен центар, Скопје, коавтор (2018);
- Годишна студентска изложба – Факултет за архитектура и дизајн, Скопје (2011-2019).
- Биенална студентска изложба на Факултетот за архитектура и дизајн на Биеналето на студенти по архитектура, БИСТА 2023, Музеј на современа уметност, Скопје (2023)
- Биенална студентска изложба на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Чифте Амам, Скопје. (2024)

*Публикации / објавени истражувања:*

- „Бесконечна соба“ каталог на архитектонски проекти, со група автори, ISBN 978-9989-644-66-5 (2018).

*Награди и признанија:*

- Признание “Инженерски прстен” за најдобар дипломиран студент на Архитектонскиот факултет во Скопје за учебната 2006/2007, доделена од Инженерската Институција на Р.Македонија, а под покровителство на претседателот на Р. Македонија(2007);
- Признание за најдобар дипломиран студент на Архитектонскиот факултет во Скопје за учебната 2006/2007, доделена од Ректоратот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје(2008);
- Конкурс за избор на идејно решение за изградба на објект Основно училиште во населба Капиштец, Скопје, со капацитет од 500 ученици, втора награда(2013);
- БИМАС 2014, Награда за проект од областа на дизајн, CITY BOX киоск, Скопје(2014);
- Конкурс за избор на идејно решение за изработка на архитектонско урбанистички проект со идејно решение за ресторан Езерце, Скопје, трета награда(2014).

*Општествена дејност:*

- Член на организационен одбор на Годишната изложба на Факултет за архитектура и дизајн при Универзитет Американ колеџ Скопје, Скопје.(2011-2019);
- Член на жири комисија за доделување на наградите на 19. Биенале на

Македонската Архитектура БИМАС 2018.(2018);
- Член на организационен одбор на Биеналната изложба на Факултет за архитектура и дизајн при Универзитет Американ колеџ Скопје, Скопје.(2019).
- Член на организационен одбор на Биенале на студентите по архитектура, БИСТА 2023 на Факултетот за архитектура и дизајн, Универзитет Американ колеџ Скопје. (2023)
- Член на организационен одбор на Биеналната изложба на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје, Скопје.(2024).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Бранислава Ѓорѓевиќ Атанасовска искажува висока интелектуална, творечка и педагошка вредност, и дека ги исполнува законските услови да биде избрана во наставно звање *предавач*, поради што се предлага на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн кандидатката м-р Бранислава Ѓорѓевиќ Атанасовска да ја избере во наставно звање *предавач* по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.02.01) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при УАКС.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Љупчо Јованов, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Сашо Блажевски, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Инџи Деребеј, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ (2.01.02.01) И ТЕОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА (2.01.02.02) НА МЕЃУНАРОДНАТА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 21-1182/3 од 6. 12. 2024 година донесена на седница на Наставнички совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн, одржана на 6 декември 2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во наставно звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.02.01) и теорија на архитектурата (2.01.02.02) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 23. 11. 2024 година и во предвидениот рок се пријави:

4. *м-р Нина Карангелеска Тодоровска*

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Нина Карангелеска Тодоровска е родена на 25.02.1985 година во Скопје. Основно образование завршува во ОУ „Кочо Рацин“, Скопје, средно образование во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“, Скопје. Во 2009 година дипломира на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје со просек 8.47, под менторство на проф. Минас Бакалчев. Во 2016 година ги завршува магистерските студии на Факултетот за архитектура и дизајн, Универзитет Американ Колеџ Скопје (УАКС), со академски почести и просек А- (3.56), под менторство на проф. Виолета Бакалчев на тема „Покривот на повеќесемејната станбена зграда од периодот на Модерната на примерот на Скопје“.

Како учесник била вклучена во голем број на студентски и професионални летни школи и работилници. Учествува на работилниците: „Заживување на левиот брег на р. Вардар“ организирана од Град Скопје и Архитектонски факултет (2007); „Планирање на Големиот Ринг на Скопје“, под менторство на Peter Gabrielčič, Љубљана, Архитектонски факултет, Скопје (2007); „Павиљон Бродски“, Архитектонски факултет, Скопје (2008); „Град без име“, под менторство на Ines Tolic, Форум Скопје, Скопје (2008). Зема учество на следните летни школи: „Кон одржлива иднина за урбан развој“, Меѓународна летна школа за архитектура, Ротердам, Холандија, под менторство на Jacob van Rijs (MVRDV), Ruurd Gietema (KCAP), организирана од The Rotterdam Academy of Architecture and

Urban Design (2007); „Нови простори од најдени материјали“, Меѓународна летна школа за архитектура, под менторство на David Buege (Rural Studio), Крива Паланка, Македонија (2008).

### *Наставно-образовна дејност*

Во академската 2008-2009 година е ангажирана како соработник во наставата на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, на предметот „Урбано планирање и реконструкција“.

Од 2009-2021 година е ангажирана како соработник во наставата на Факултетот за архитектура и дизајн, УАКС. Од 2021 година работи како асистент по група предмети од областа на архитектонското проектирање и дизајн и урбано и просторно планирање и проектирање на Факултетот за архитектура и дизајн, УАКС.

Учествува во изведување на наставата на следните предмети:

- Втора година: Материјализација на архитектонски простор;
- Трета година: Архитектонско проектирање 5; Архитектонско проектирање 6; Јавни згради;
- Четврта година: Архитектонско проектирање 1;
- Петта година: Архитектонско проектирање 3; Интегративно студио.

Како тутор зема учество на следните летни школи и работилници за архитектура:

- Работилница „Скопје од места- од простори- од траги“ организирана од Институт за Урбан дизајн и пејзажна архитектура – Технички Универзитет (TU)- Виена, одржана во Виена (2010);
- Работилница „Проект за реконструкција на две основни училишта во општина Карпош“, организирана од Општина Карпош и Факултет за архитектура и дизајн (УАКС), Скопје (2011);
- Работилница „Репрограмирање на урбаноста“, организирана од Факултет за архитектура и дизајн (УАКС), Скопје (2013);
- Интернационална летна школа за архитектура и дизајн “Architecture as Performance“, раководена од Vinko Penezić и Krešimir Rogina, организирана од Факултетот за архитектура и дизајн (УАКС), одржана во Охрид (2013);
- Работилница „Домување во трето животно доба- Крушево“ и „Прототип на градинка за деца- Крушево“, организирана од Факултет за архитектура и дизајн, УАКС, Скопје;
- Интернационална летна школа за архитектура и дизајн “Natural Systems“, раководена од Dean Lah (ENOTA), организирана од Факултетот за архитектура и дизајн (УАКС), одржана во Охрид (2017);
- Серија на архитектонски работилници за деца „Истражуваме архитектура“, Скопје (2018-2022)

### *Архитектонска пракса*

Покрај наставно-образовната дејност, како архитект остварува пракса во неколку архитектонски студиа. Во септември и октомври 2006 година работи како практикант во архитектонското студио на Сергеј Никољски и Михаил Шлудер во Виена; од август 2008 до јануари 2009 работи како архитект во архитектонското студио „Шлудер-Никољски“ во Скопје; од 2009 до 2015 работи на неколку проекти во компанијата Геинг Кребс унд Кифер, Скопје.

Како архитект работи на бројни архитектонски проекти, архитектонски конкурси и истражувања во полето на архитектурата и урбанизмот. Во 2006 година учествува на интернационален конкурс „St. Marx- три повеќесемејни станбени објекти во Виена, Австрија “. Во 2008 година на интернационалниот конкурс „Идејно решение за доградба на трет кат на Градски Трговски Центар“ освојува втора награда. Истата година работи и на идеен проект за резиденцијален комплекс во Истанбул, Турција и учествува на конкурс за „Идејно решение за Универзитет за информациски технологии, Скопје“. Во 2009 година како соработник учествува во проектот за изложбена поставка „Траги“, по повод 60 годишнината од основањето на Музеј на град Скопје. Од 2009 до 2013 година работи на истражувачкиот проект „Невидливо Скопје- Архитектонски водич“. 2012 и 2013 година работи проект за реконструкција на угостителски објект во Стара скопска чаршија и реконструкција на индивидуална станбена куќа во Дебар Маало, Скопје. Во 2017 година учествува на конкурс за „Идејно решение за студентски дом во општина Карпош, Скопје“ и на интернационален конкурс „Идејно решение за детска градинка Сесветски Краљевец, Загреб, Хрватска“. Во 2020 година работи на конкурс за „Идејно решение за детска градинка во Брезовица, Загреб, Хрватска“. Истата година освојува второ место на конкурс за „Идејно архитектонско и хортикултурно решение за парк во општина Карпош, Скопје“. Во 2021 година на конкурсот за „Идејно решение за управна (општинска) зграда на општина Аеродром, Скопје“ освојува прво место. Во 2022 учествува на конкурс за „Идејно решение за детска градинка Пчелка во Аеродром, Скопје“. Во 2023 учествува на интернационален конкурс „Идејно архитектонско-урбанистичко решение за дом за стари Дубрава, Загреб, Хрватска“. Во 2022-2023 работи на идејно урбанистичко и архитектонско решение за резиденцијален комплекс во Раштак, Скопје. Во 2024 година на конкурсот за „Идејно решение за управна (општинска) зграда на општина Центар – Скопје“ освојува прва награда.

Од 2008 до 2023 година работи и на повеќе проекти за внатрешно уредување и дизајн: саемски штанд за претставување на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ на образовниот саем во Скопје (2008); ентериер на стан во населба Чаир (2010); ентериер на Центар за дипломати „Добредојде“, Скопје (2010); ентериер за индивидуална станбена куќа во Дебар Маало, Скопје (2013); ентериер за индивидуална станбена куќа во Влае, Скопје (2016); ентериер на стан - кеј на р. Вардар, Скопје (2017); ентериер на стан во населба Аеродром (2022).

***Учество на изложби:***

- БИСТА- Биенале на студенти по архитектура - учество со проект (2008);
- БИМАС- Биенале на македонска архитектура - учество со проект (2012);
- „Невидливо Скопје - Архитектонски водич “ - Музеј на град Скопје, дел од авторскиот тим (2013);
- „13 Начини на гледање на градот“, Serious Interests Agency, Скопје, колективна изложба (2015);
- „Бесконечна соба“- Младински Културен Центар, Скопје – авторска изложба на конкурсни проекти (2018);
- Годишна студентска изложба – Факултет за архитектура и дизајн, Скопје (2011-2023);
- БИМАС- 20. Биенале на македонска архитектура - учество со проект (2023);
- БИМАС- 21. Биенале на македонска архитектура - учество со проект (2023);

***Публикации / објавени истражувања:***

- „Невидливо Скопје- Архитектонски водич“, со група автори, ISBN 978-608-233-032-7 (2013)
- „Бесконечна соба“ каталог на архитектонски проекти, со група автори, ISBN 978-9989-644-66-5 (2018)

***Општествена дејност***

- Организатор на 3.Конгрес за студенти по архитектура од поранешните југословенски земји – „Светски трендови- локални услови“, Охрид (2004)
- Организатор на Skopje Architecture Week – Supercity (2011)
- Организарот на Skopje Architecture Week (2012)
- Член на организационен одбор на БИМАС- 18. Биенале на македонска архитектура (2016)
- Член на организационен одбор на БИМАС- 19. Биенале на македонска архитектура (2018)
- Претседател на комисија за доделување на Голема Годишна Награда на ААМ (2022)
- Член на комисија за оценување на архитектонски конкурси во организација на Inspirelli Awards (2021-2024)
- Член на комисија за оценување на архитектонски конкурс „Скопје на новата генерација“ во организација на Europe House (2023)
- Предавач на Share Forum Skopje – меѓународен форум за архитектура (2023)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Нина Карангелеска Тодоровска искажува висока интелектуална, творечка и педагошка вредност, и дека ги исполнува законските услови да биде избрана во наставно звање *предавач*, поради што се предлага на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн кандидатката м-р Нина Карангелеска Тодоровска да ја избере во наставно звање *предавач* по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.02.01) и теорија на архитектурата (2.01.02.02) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при УАКС.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Љупчо Јованов, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Сашо Блажевски, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Инџи Деребеј, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИ (5.02.00.07), СМЕТКОВОДСТВО (5.02.00.06) И ДРУГО (5.02.00.09) НА МЕЃУНАРОДНАТА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 21-1182/9 од 6. 12. 2024 година донесена на седница на Наставнчкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн, одржана на 6 декември 2024 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во наставно звање по група предмети од областа на финансии (5.02.00.07), сметководство (5.02.00.06) и друго (5.02.00.09) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 23. 11. 2024 година. Во предвидениот рок, на конкурсот се пријави:

- *м-р Стефан Таневски*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Биографски податоци*

Стефан Таневски е роден на 30.3.1997 во Љубљана, Словенија. Основното образование го завршува во ОУ „Григор Прличев" во Охрид, а во 2012 средното образование го продолжува во Скопје во Средното Приватно Училиште „PSU Algoritam" и завршува со највисока оцена 5.00. За време на неговите средношколски денови често присуствува на студентски размени поддржани од Erasmus, каде што работи на разни проекти низ Европа. Во 2016 година се запишува на насока Сметководство и ревизија на Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Во 2020 година, дипломира со највисоки почести и просек од 3,62 A- GDP (систем на оценување на САД), додека пак во 2021 година магистрира на насоката Финансии и банкарство на Универзитет Американ Колеџ Скопје со оцена 3,29 B+ GDP (систем на оценување на САД). Стефан има магистратура на Универзитетот Американ Колеџ и е докторант на истиот универзитет.

За време на универзитетските години како целосен стипендист на фондацијата УАКС, Стефан обавува неколку пракси во меѓународни компании и организации (Ernst & Young, AIESEC, Balkan Economic Forum и др.). Покрај праксите тој исто така е и студент-тутор, со што придонесува за развојот на Туторинг клубот при Универзитет Америка Колеџ Скопје и ја добива и наградата најдобар тутор на годината за две последователни години 2016 и 2017.

Стефан е надворешен соработник во Finance Think кој се занимава со собирање податоци и анализа на податоци. Неговите истражувачки интереси вклучуваат монетарната политика, финансиските пазари и пазарите на труд во економиите во транзиција. Таневски моментално има 4 публикации во рецензирани меѓународни списанија (2 публикации во Web of Science – индексирани списанија). Тој е и рецензент за Југоисточното списание за економија и бизнис, индексирано во Journal Citation Reports (IF = 0.5).

Во 2024 се стекнува со награда за најдобар истражувачки труд од областа на Макроекономијата и Банкарството за млади економисти која ја доделува Народната Банка на Република Северна Македонија со трудот „Монетарната политика и каналите на цените на средствата во контекст на регионализацијата на берзите во земјите на поранешна Југославија".

Исто така, има добиено и две награди на еден домашен, како и еден странски натпревар во областа на сметководството и финансиите. Имено, во 2018 година заедно со неговиот тим се пласираат во ТОП 5 на интернационалниот бизнис турнир CESIM (бизнис симулација), а во 2017 година освојува прво место на натпреварот за финансиска анализа организиран од страна на катедрата за Сметководство и ревизија при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

### ***Наставно-образовна дејност***

- Во 2020 е ангажиран како демонстратор на група предмети од областа на финансии и сметководство на Факултетот за деловна економија и организациони науки на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје.
- Во 2021 се стекнува со статус Асистент. Предава и асистира на следниве предмети: Статистика, Основи на Финансии, Монетарна Економија, Финансиско Сметководство и Напредни Корпоративни Финансии.

### ***Стручна дејност***

*Објавени трудови во рецензирани списанија*

1. Petreski, M. and Tanevski, S. (2024) 'Bargain your share': The role of workers' bargaining power for labor share, with reference to transition economies. *Empirical Economics*
2. Petreski M, Tanevski S, Stojmenovska I (2024) Employment, labor productivity and environmental sustainability: Firm-level evidence from transition economies. *Business Strategy and Development* 7 (1), DOI: https://doi.org/10.1002/bsd2.347
3. Tanevski S. (2022) Fundamental analysis and its predictive power in forecasting stock returns: evidence from Dow Jones Industrial Average (DJIA). *Asian Journal of Finance & Accounting* 14 (2), 1-14, DOI: 10.5296/ajfa.v14i2.18952

### ***Трудови презентирани на меѓународни конференции***

1. Petreski M, Tanevski S, Jacobo D. A. (2024) Monetary Policy and the Gendered Labor Market Dynamics: Evidence from Developing Economies. Labor Market Dynamics in Turbulent Times, 1-3 july, 2024, Tutzig, Germany.
2. Petreski M, Tanevski S, Jacobo D. A. (2024) Monetary Policy and the Gendered Labor Market Dynamics: Evidence from Developing Economies. ASEPELT24 XXXVII International Congress: The new challenges of economic policy: re-globalization vs de-globalization 19-21 June, 2024, Elche, Alicante, Spain.
3. Tanevski S. (2024) The Asset Price Channel of Monetary Policy in the context of stock markets regionalization in the countries of former Yugoslavia. 3rd EACES/ LSEE/ Economic Annals Workshop on the comparative economics of SEE 25-26 April 2024, Belgrade, Serbia.

4. Petreski M, Tanevski S, Stojmenovska I (2023) Employment, labor productivity and environmental sustainability: Firm-level evidence from transition economies. Crossing the Gates of the Western Balkans, 04 December – 05 December, Szeged, Hungary.
5. Petreski M, Tanevski S, Stojmenovska I (2023) Employment, labor productivity and environmental sustainability: Firm-level evidence from transition economies. Sustainability and Firm Performance in Europe and the Americas, 30 November – 01 December, Regensburg, Germany.
6. Hristova S, Srbinoska D, Tanevski S, Spasoski I (2022) FinTech and the Customer Experience: How to Embrace Change in Macedonian Banking Industry? 85th Anniversary, Faculty of Economics and Business, Belgrade, Serbia.
7. Petreski, M. and Tanevski, S. 'Bargain your share': The role of workers' bargaining power for labor share, with reference to transition economies. XXIV Conference on International Economics, 15-16th June, 2023, Alcalá de Henares, Madrid, Spain.

***Општествена дејност***

- Учество на проект во организација на невладини организации на тема „Kid does not want to work". Проектот имаше за цел да ја побуди свеста за детскиот труд (Елазиг, Турција, 2015)

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Стефан Таневски искажува висока интелектуална, творечка и педагошка вредност, и дека ги исполнува законските услови да биде избран во наставно звање *предавач*, поради што се предлага на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн кандидатот м-р Стефан Таневски да се избере во наставно звање *предавач* по група предмети од областа на финансии (5.02.00.07), сметководство (5.02.00.06) и друго (5.02.00.09) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при УАКС.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

вон. проф. д-р Душица Стевчевска Србиноска, с.р.

Факултетот за деловна економија и организациони науки

Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Марјан Петрески, с.р.
Факултетот за деловна економија и организациони науки
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Евица Делова Јолевска, с.р.
Факултетот за деловна економија и организациони науки
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС (5.02.00.03), НА МЕЃУНАРОДНАТА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 21-1182/8 од 6. 12. 2024 година донесена на седница на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн, одржана на 6 декември 2024 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во наставно звање по група предмети од областа на менаџмент и бизнис (5.02.00.03) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 23. 11. 2024 година. Во предвидениот рок, на конкурсот се пријави:

- *м-р Надежда Поп Костова*

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Биографски податоци*

Надежда Поп-Костова е родена на 16.11.1988 во Гевгелија, Република Македонија. Основното образование го завршува во ОУ „Кочо Рацин" во Нов Дојран, а средното образование во Богданци во СОУ „Богданци "каде завршува општствено-хуманистичка гимназија со највисока оцена 5.00. Високото образование го продолжува на Универзитет Американ Колеџ Скопје на Факултетот за деловна економија и организациони науки и во 2010 година дипломира со највисоки почести на насока менаџмент. Магистерските студии ги продолжува на УАКС на прогорама МБА-менаџмент и добива титула Магистер по бизнис администрација.

Во 2022 година се запишува на докторски студии на ДБА програма и моментално е докторанд на УАКС.

За време на додипломските студии Надежда присуствувала на голем број меѓународни летни школи од областа на Претприменииштво и бизнис, меѓународен менаџмент и стратегии. Во 2009та година, Охридскиот инстиут за економски стратегии и меѓународни односи ја избира за претставник на летна школа во Виена. Во 2010 година присуствува на Бизнис план Форум на Универзитет во Зеница, БиХ и како дел од меѓународен тим го освојува првото место за најдобар интернационален бизнис план. Во 2012та година добива стипендија од ДААД за изучување на германски јазик и престој од 1 месец на Техничкиот Универзитет во Минхен, Германија.

Во 2013 година станува дел од консултантска компанија како менаџмент консултант каде во период од 5 години работи на голем број национални документи (стратегии, физибилити студии, истражувања) и консултантски услуги за странски инвеститори (истражување на пазар, бизнис планови).

Во 2018 година, Центарот за управување со знаење на Република Северна Македонија ја избира за претставник на работилница за претприемништво во Софија, Република Бугарија каде добива прво место за најдобар бизнис модел.

Во 2019 година станнува дел од Универзитетот Американ Колеџ Скопје како координатор за постдипломски студии на Универзитет Американ Колеџ Скопје.

***Наставно-образовна дејност***

Во 2019 година е ангажирана како надворешен соработник-наставник во ПСУ Американска гимназија Скопје по предметот Бизнис и претприемништво, а од 2021 година и како универзитетски соработник на Факултетот за деловна економија и организациони науки на Универзитетот Американ Колеџ – Скопје, по предметот Меѓународен менаџмент и глобализација.

Во 2022 година се сертифицира како IB  наставник и започнува со предавања по ИБ предметот Бизнис и менаџмент во ПСУ АХСС.

Во 2023 година Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје ја избира во соработничко звање асистент по група предмети од областа на бизнис менаџмент, меѓународен менаџмент и претприемништво.

Интересот и дополнителното надоградување го развива во областа на претпиемништвото и меѓународниот менаџмент преку истражувања и учество на конференции и работилници.

**Области на истражување**

- претприемништво, менаџметнт, меѓународен менаџмент

**Стручно истражувачки публикации и учество на конференции**

***Универзитет Американ Колеџ Скопје***

Pop Kostova, N., Dimitrova, M., Tomovska-Misoska, A., Bojadjiev, M. Impact of education on entrepreneurial intentions among students in the Republic of North. 14th annual international academic conference on European integration, Innovating Europe. University American College Skopje and University Tor Vergata Rome, Conference Proceedings 2019.

Учебник: Планирање и стратегии / Снежана Христова ; коавтори Ивона Милева, Кате Трајкова, Надежда Поп Костова. - Скопје : Универзитет Американ колеџ, 2022. - 184 стр. : илустр. ; 30 см

***Emerald Publishing***

Mileva, I., Pop-Kostova, N. and Boshkovska, N.J. (2023), "Family Ties Shaping the Entrepreneurial Intentions", Ramadani, V., Kjosev, S. and Sergi, B.S. (Ed.) Entrepreneurship Development in the Balkans: Perspective from Diverse Contexts, Emerald Publishing Limited, Bingley, pp. 15-32. https://doi.org/10.1108/978-1-83753-454-820231002

**Вештини и знаење**

- Странски јазици: англиски (одлично), германски (почетно), француски (почетно)
- Работа со компјутер (MS Office – Word, Excel, Power Point)

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Надежда Поп Костова искажува висока интелектуална, творечка и педагошка вредност, и дека ги исполнува законските услови да биде избрана во наставно звање *предавач*, поради што се предлага на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн кандидатката м-р Надежда Поп Костова да ја избере во наставно звање *предавач* по група предмети од областа на менаџмент и бизнис (5.02.00.03) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при УАКС.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Ана Томовска Мисоска, с.р.

Факултетот за деловна економија и организациони науки

Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Снежана Христова, с.р.

Факултетот за деловна економија и организациони науки

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Ивона Милева, с.р.

Факултетот за деловна економија и организациони науки

Универзитет Американ Колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ (2.01.00.01) НА МЕЃУНАРОДНАТА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 21-1182/3 од 6. 12. 2024 година донесена на седница на Наставнички совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн, одржана на 6 декември 2024 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор наставник во наставно звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.02.01) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „*Нова Македонија*“, на ден 23. 11. 2024 година и во предвидениот рок се пријави:

- *м-р Максим Наумовски*

врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

М-р Максим Наумовски, е докторанд на Архитектонскиот факултет при Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје. Основно и гимназиско образование завршил во Скопје, Р. Македонија. Дипломирал 2009 година на Архитектонскиот факултет во Скопје при УКИМ, магистрирал 2013 година на Факултетот за архитектура и дизајн во Скопје при УАКС со тема „Архитектура на форми на однесување, простори на повеќезначност“ под менторство на проф. Минас Баклачев. Со значително искуство како архитект и урбанист работи на голем број проекти и истражувања во Македонија. М-р Максим Наумовски уште за време на студиите па сè до денес работи на низа архитектонски конкурси и проекти во и надвор од републиката. Од 2010 година работи како лаборант а потоа и како асистент по група предмети од областа на урбанизмот на Факултетот за архитектура и дизајн при УАКС Скопје. Од 2015-2017 година работи како надворешен соработник во архитектонското студио Bosshard – Luchsinger architects office, во Виена, Австрија. Од 2018 година како дел од колективот ЛАТА работи на бројни истражувачки проекти и изложби. Од 2019 година во својство на координатор е дел од Еразмус + проектот ENABLE, проект на кој Универзитет Американ Колеџ Скопје е водечка организација. Во 2022 го основа архитектонското студио К87а со кое работи на бројни архитектонки проекти.

***Наставно-образовна дејност***

Во октомври 2015 е избран за Асистент по група предмети од областа на урбанизмот на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ -

Скопје.

Во рамките на Факултетот за Архитектура и дизјан на УАКС учество во изведувањето на наставата на следните предмети:

Од Јануари 2012 до денес е ангажиран како Соработник во настава на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје каде е дел од наставниот процес на предметите:

- Архитектонско Проектирање 3/4 – трети и четврти семестар;
- Архитектонско Студио 1 – прв семестар;
- Основи на урбанизам – шестти семестар;
- Урбан Дизајн 1/2 – седми и осми семестар;

- Ментор во програмата: Tempus Sehsi - Regional sustainable development on the basis of eco-human synergetic interaction,

- Kaiserschnitten Wiental, between Karlsplatz and Schonbrunn castle. Wien 01 - 09.07.2012
- The northern arch of Valencia: borderlines, transitions and connections. Valencia 29.07 - 05.08.2014
- "Boundaries and Borders" in UNIST, Split 29.08 – 12.09.2015
- City edges Winterthur, Winterthur 02.09 – 09.09.2017
- (Re)building Cities, Winterthur 31.08 – 08.09.2019

- Ментор и техничка асистенција во програмата: Common Cultural Heritage Preservation and Dialog between Turkey and the EU "Training on Cultural Heritage and Integrated Site Management". Sinop 14.03 – 18.03.2016

- Раководител на меѓународна летна школа за Архитектура, Охрид, УАКС – Скопје

- Материјални контури. Митеш Диксит, САД. 2018;
- Платформ туризам. Харалд Трап, Австрија. 2019;
- Поставка на пејзажот. Макс Босхард, Штефан Медер, Швајцарија. 2020.

- Стручно предавање на Факултетот за архитектура, дизајн и градежништво - ZHAW, (Re)building cities – case study Skopje во рамки на летниот семестар 2019 година. Winterthur, Switzerland

У***чество на семинари***

- Учествува на меѓуанародната конференција организаирана од УАКС со трудовите:
- *Implementation of the European Union regional policies in planning documents: The case of Macedonia.* Sasho Blazevski, MSc, Irina Grcheva, MSc, Maksim Naumovski, MSc. !0$^{th}$ annual international academic conference on European integration, Skopje, May 2014
- *Elements Of Workspace As Factors Of Workspace Satisfaction In The Banking Industries Macedonia* " 9th International conference on European integration, The Europe Of Tomorrow: Creative, Digital, Integrated,,, University American College Skopje (UACS)

- Building Code Myth or Reality: Evidence from the Western Balkans. Dimitrova, M. Dimitrov, O. Eremeeva N., V. Naumovski, M. Conference proceedings of the 10th International May Conference on Strategic Management IMKSM 2014, Bor, 23-25.05, 2014, p. 993
- New models of urbanity, a case study of the village of Chucher, Skopje. Naumovski, M. Veljanoski, P. Pejovski, M. 16th Annual international conference on European integration. University American College Skopje (UACS)

***Учество на изложби***

- БИМАС 2014, Архитектонски проект за едносемејна станбена куќа, населба Илинден; Проект за екстензија и пејзажно уредување на хотел Охрид; Проект за ентериерна реконструкција на административна зграда на АД Гранит во Скопје. Скопје
- БИМАС 2016, Архитектонски проект за нова административна зграда на Мерцедес во Скопоје. Конкурсен труд (прва награда), Скопје
- БИМАС 2018, Архитектонски проект за повеќесемејна станбена зграда на агол, Дебар маало, Скопје
- Thirteen ways of looking at the city. Curated by Daniel Serafimovski. SIA serious interest agency. Skopje
- Материјални Контури-Изложба на територијални истражувања, Скопје. Уредник и куратор. 2018;
- 2019/„Платформа за туризам". Завршен настан/изложба на Меѓународната Летна Школа за Архитектура и Дизајн во Охрид 2019. Хотел Пела, Охрид, 05.07.2019. Лица вклучени во реализација: Максим Наумовски (програмски директор), Харалд Трап (Австрија), Павел Вељаноски.
- 2023/Право на јавни простори (Public Spaces Re:claimed) / Архитектонска изложба за алтернативно читање на градските карактеристики со фокус кон скриените аспекти на просторот, организирана во рамки на манифестацијата Бела ноќ 2023. Галерија Остен во Скопје, 30.09.2024. Лица вклучени во реализација: Павел Вељаноски, Максим Наумовски, Сара Ничота, Зорица Ставрова, Бојана Вучковиќ;
- 2024/„Предизвикувајќи ги петте ѕвезди". Завршен настан/изложба на Меѓународната Летна Школа за Архитектура и Дизајн во Охрид 2024. Влезно фоаје на Хотел Палас, Охрид, 06.07.2024. Лица вклучени во реализација: Павел Вељаноски (програмски директор), Максим Наумовски, Куба Снопек (Полска), Паулина Пага (Полска), Магра Заворска (Полска);

Студентска биенална изложба на Факултетот за Архитектура и Дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

- o 2019/10та Студентска изложба на ФАД. Настан: 12.10.2019, Скопје: Национална галерија Мала Станица;
- o 2021/11та Студентска изложба на ФАД. Настан: 20.10.2021, Скопје: Национална галерија Мала Станица;
- o 2024/12та Студентска изложба на ФАД. Настан: 12.06.2024, Скопје: Национална галерија Чифте Амам.

**Учество на конференции и научни собири во последните 5 години**

- 2021/ Sixteenth Annual International Academic Conference on European Integration. Post Pandemic Sustainability in Europe. Venue: 16.09.2021, Online, Skopje: University American College Skopje;
- 2024/City Street 6 Conference: Architecture as Infrastructure – Toward Sustainable, Inclusive and Beautiful City Streets. Venue: 24-28.09.2024, Skopje: Faculty of Architecture.

**Објавени стручни истражувачки трудови во стручни списанија и зборници од научни собири и текстови во монографии во последните 5 години**

[11]. Naumovski, M., Veljanoski, P., Pejovski, M., 2021. New models of urbanity in the In-Between condition, Village of Chucher, Skopje. Sixteenth Annual International Academic Conference on European Integration. Post Pandemic Sustainability in Europe.Skopje: University American College Skopje, pp. 267-280.

[12]. Veljanoski, P., Naumovski, M., 2023.Underlay/Overlay: Moving Through the Skopje Urban Mosaic. SPA:RE Public Spaces ReClaimed. Novi Sad: The Inbox Art Association, pp. 71-80.

[13]. Žugić, V., Antal, A., Veljanoski, P., Naumovski, M., Nichota, S., Stavrova, Z., 2024. Performing the Streets: Interdisciplinary Approach to Reclaiming Skopje's Public Spaces. Architecture as Infrastructure – Toward Sustainable, Inclusive and Beautiful City Streets. Skopje: City Street 6 Conference.

**Автор и/или уредник на стручна публикација:**

- 2022/Staging Ohrid's Landscape: Architectural proposals for the city's cultural scenography. Editors: Max Bosshard, Stephan Mäder, Maksim Naumovski, Pavel Veljanoski, Paolina Miluseva, Martin Delovski. Skopje: University American College Skopje.

**Организатор на конференции и научни собири**

- 2020/Дијалози СК2028: Периферијата на градот Скопје. Настан: 08.12.2020, Онлајн, Скопје: Културно-социјален простор - Центар Јадро. Модератори и организатори на настанот: Дејан Ивановски, Максим Наумовски, Павел Вељаноски
  Линк: https://www.youtube.com/watch?v=a7bN9tbtiUs&ab_channel=CentarJadro

**Учество на интернационални истражувачки проекти**

- 2019-2021/ENABLE: Embedding collaborative platform for upskilling and networking toward sustainable cities. Финансиска програма: Erasmus + KA203 Strategic Partnerships for Higher Education. Проект лидер: Универзитет „Американ Колеџ" Скопје, Факултет за Архитеткура и Дизајн. Тип на ангажман: Асистент координатор и истражувач.
  Линк: https://sites.google.com/uacs.edu.mk/enable
- 2021-2023/SPA:Re - Public Spaces ReClaimed. Финансиска програма: Creative Europe. Проектен партнер: Универзитет „Американ Колеџ" Скопје. Тип на ангажман: Истражувач.

Линк: https://spa-re.info/

**Учество на групни архитектонски изложби**

- 2018/БИМАС – Биенале на Македонска Архитектура. Настан: 13 - 27.09.2018, Скопје: Музеј на град Скопје:
    - Урбанистички планови и проекти: Симулација на програмски, волуменски и типолошки модификации (ДУП Ј14, Расадник, Општина Кисела Вода). Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски. Соработници: Андреа Ордевска, Натали Мицевска.
    - Архитектонски проекти: Фармацевтски факултет – Надградба. Проектанти: Огнен Марина, Бојан Каранаков, Павел Вељаноски.
- 2020/БИМАС – Биенале на Македонска Архитектура. Настан: 13 - 27.09.2018, Скопје: Музеј на град Скопје:
    - Архитектонски проекти: Конзерваторско – реставраторски работи и адаптација на поранешното училиште Св. Сава во Охрид. Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски. Соработници: Тамара Џерков, Тамара Прелоговска.
    - Архитектонски проекти: Планинска куќа за две семејства во Маврово. Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски. Соработници: Архитектри Доо Скопје, Андреа Таневски (градежен инженер).
- 2023/6th Balkan Architectural Biennale in Belgrade, Serbia. Venue: 21-22.11.2023, Belgrade: Salon of the Belgrade City Museum:
    - Conservation, restoration and adaptive reuse of former school St. Sava, Ohrid. Architects: Maksim Naumovski, Pavel Veljanoski, Miroslav Pejovski.
    - Mountain house for two families in Mavrovo. Architects: Maksim Naumovski, Pavel Veljanoski, Miroslav Pejovski. Collaborators: Arhitektri doo, Matthew Ferrel.
- 2023/Dani arhitekture / Days of Architecture Montenegro. Venue: 17-19.11.2023, Podgorica: Dvorana Muzickog Centra:
    - Competition for the conceptual architectural design of a primary school in city kvart in Podgorica, Montenegro. Authors: Maksim Naumovski, Pavel Veljanoski, Miroslav Pejovski, Tamara Djerkov, Frosina Stankovska.

***Стручно-уметничка дејност***

- Идеен архитектонски проект за седиштето на Мерцедес во Скопје, Македонија (прво место на отворен конкурс)
- Генерален урбанистички проект за градот Синоп, Турција. Office of Bosshard/Luchsinger
- Урбанистички проект за Seebad – Breitenbrunn, Austria. Конкурс, office of Bosshard/Luchsinger

- Архитектонски проект за реновирање и доградба на куќа од модернистичкото наследство на Скопје
- Архитектонски проект за куќа во населба Илинден, Скопје, Македонија
- Архитектонски проект за анекс на хотел Гранит, Охрид, Македонија
- Архитектонски проект за реконструкција и адаптација на куќа во село Чучер, Скопје, Македонија
- Архитектонски проект за куќа за две семејство во Маврово, Македонија
- Конзерваторско- реставраторски работи и адаптација на објектот Св.Сава на ул. "Нада Филева" бб во Охрид.
- Архитектонско-урбанистичка студија за населба во општина Сопиште, Скопје, Македонија
- Конкурсен труд/архитектонски проект за основно училиште во Подгорица, Црна гора
- Идеен проект за ентериерно уредување на три идентички станбени единици во Скопје. Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски.

**Изработка на основни архитектонски проектни документации**

- 2020/Основен проект за реконструкција и адаптација на постоечки објект во ново седиште на дирекцијата на ОЕ Гранит Лабораторија АД Скопје. Проектанти: Максим Наумовски, Дејан Ивановски, Павел Вељаноски, Симона Чингоска, Емилија Стојановска.
- 2022/Основен проект за конзерваторско – реставраторски работи и адаптација на поранешното училиште Св. Сава во Охрид. Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски. Соработници: Тамара Џерков, Тамара Прелоговска.
- 2024/Основен станбена куќа за индивидуално домување во населба Тафталице 2, Скопје. Проектанти: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски, Тамара Џерков.

**Изработка на архитектонско-урбанистички студии**

- 2018/Симулација на програмски, волуменски и типолошки модификации (ДУП Ј14, Расадник, Општина Кисела Вода). Нарачател: Општина Кисела Вода. Автори: Максим Наумовски, Павел Вељаноски. Соработници: Андреа Ордевска, Натали Мицевска.
- 2020/Нови модели на урбаност преку примерот на село Чучер, со адаптација и пренамена на вернакуларен објект во повеќенаменски простор (домување и работа). Нарачател: Асоцијација Паблик, Скопје. Автори: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски.
- 2021/Идеен урбанистички план за нова станбена населба во Сопиште. Нарачател: ГД Гранит АД Скопје. Автори: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски. Соработник: Филип Зафировски.
- 2023/Идеен урбанистички план за градски блок со доминантно деловна намена и јавен простор во населба Карпош, Скопје. Нарачател: ГД Гранит АД Скопје. Автори: Максим Наумовски, Павел Вељаноски, Мирослав Пејовски.

**Учество на архитектонски и архитектонско-урбанистички конкурси**

- 2023/Ministry of Ecology, Spatial Planning and Urbanism of Montenegro: International Competition for a conceptual architectural design of a primary school in City Kvart in Podgorica. Authors: Maksim Naumovski, Pavel Veljanoski, Miroslav Pejovski, Tamara Djerkov, Frosina Stankovska. Award: Special mention.

***Општествена дејност***

- Асоцијација на Архитекти на Македонија, член од 2010, член во Управен одбор 2016.година
- Член на организационен одбор за организација на XV Биенале на македонската архитектура БИМАС 2010 година
- Член на комисија на распишаниот студентски Конкурс за за адаптација и реанимација на кино сала во зграда за повеќесемејно домување "Железничка зграда" Скопје.
- Куратор на програмата за архитектура на Фестивалот за развој на креативните индустрии - СКОПЈЕ КРЕАТИВА 2019- ЗЕЛЕНО СКОПЈЕ
- Основач и претседател на граѓанското здружение за териотријални и архитектонски истражувања „Проект ЛАТА“ од Скопје кое работи на развивање, тестирање и спроведување на механизми за одржлив развој преку реакции во архитектурата и урбанизмот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Максим Наумовски искажува висока интелектуална, творечка и педагошка вредност, и дека ги исполнува законските услови да биде избран во наставно звање *предавач*, поради што се предлага на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн кандидатот м-р Максим Наумовски да се избере во наставно звање *предавач* по група предмети од областа на архитектонско проектирање (2.01.02.01) на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при УАКС.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Љупчо Јованов, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Сашо Блажевски, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Инџи Деребеј, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE